# ПОВЕЌЕ КАПКИ

## МИСТЕРИЈА, МИЛОСТ И МЕСИОЛОГИЈА



ЏОРЏ ВЕРВЕР

„Животот понекогаш ми се чини толку хаотичен, и претпоставувам дека затоа поучувам 'Месиологија' – дека Бог во Неговата милост и мистерија често прави големи работи среде хаос."

Во најбиографската книга досега, Џорџ Вервер ги покажува својата позната чесност и освежувачки реализам, споделувајќи ги своите лични неуспеси и погледи, како Бог работи преку неуредни ситуации.

Овој голем човек на верата објаснува дека, иако сѐ што ќе допреме има свои слабости и грешки, сепак, Бог работи и покрај нашата падната природа и човечност. За Џорџ, тајната на тајните е како Бог продолжува да прави прекрасни работи среде сето тоа.

Придружете му се на Џорџ во *Повеќе капки: Мистерија, милост и месиологија* и славете го она што го прави нашиот голем Бог и како можеме да бидеме дел од неговата работа.

*„Ова е стариот Вервер! Содржината не е толку за капки, добиени од чешма што капе, туку за скапоцените камења, собрани од еден транспарентен човек."*

**Д-р Тони Сарџент**
**(Претседател во пензија на Меѓународниот христијански колеџ)**

**Џорџ Вревер** ја основа Операција мобилизација (ОМ) скоро пред 60 години и беше меѓународен директор 46 години. Џорџ, заедно со својата сопруга Дрена, сѐ уште се вклучени полновремена во движењето и продолжува да биде директор на Службата за специјални проекти.

МК

OM EAST

ISBN: 978-608-66046-4-6

9 786086 604646

# ПОВЕЌЕ КАПКИ

## МИСТЕРИЈА, МИЛОСТ И МЕСИОЛОГИЈА



ЏОРЏ ВЕРВЕР

EAST

eBooks for download
east.om.org/ebooks

Наслов на оригиналот:
Originally published in English under the title
*More Drops* by George Verwer
Copyright © 2015 by George Verwer
International rights from Roy Hession Book Trust

Издавач: ИЗГРЕВ - Скопје
Превод од англиски: Јован Јоновски
Лектура: Бранкица Јовева
Уредник: Јован Јоновски
Дизајн и прелом: OM EAST,
Печати МАРИНГ
Тираж:

За изданието на македонски:
© 2020 by OM EAST for the Macedonian edition.
Translated by permission. All rights reserved.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN: 978-608-66046-4-6

eBooks for download: *east.om.org*

# ПОСВЕТА

Оваа книга е посветена на сите луѓе кои ги запознав, преку ОМ или на друг начин, за кои, човечки гледано, животот не испаднал добро. Овие луѓе не се на план А или план Б, туку повеќе како на план М. Кога зборувам со нив, ги потсетувам на „големата азбука“ на Бог и ги повикувам да ја прифатат радикалната благодат и да продолжат понатаму.

Постојано си споменувам за 1 Јован 3:16: „По тоа ја познавме љубовта, што Тој го положи својот живот за нас; и ние сме должни да ги положиме своите животи за браќата“.

# БЛАГОДАРНОСТ

Сакам да им се заблагодарам на сите кои помогнаа оваа книга да стане реалност. Особено сакам да им се заблагодарам на стотиците луѓе кои имаат голем духовен придонес во мојот живот (понекогаш преку касети или книги); Прво, на мојот духовен татко, Били Грејм, и на вториот влијателен христијански водач во мојот живот, д-р Освалд Ј. Смит. Исто така, сакам особено да му се заблагодарам на Господ за сестра ми Барбара, моите родители, мојата сопруга Дрена и целото мое семејство.

# ПРЕДГОВОР

*Повеќе капки: Мистерија, милост и месиологија* е важна книга од две причини – првата е авторот, а втората е пораката.

Прво, Џорџ Вервер е основач на Операција мобилизација (ОМ), којашто по Божја волја е една од најзначајните глобални мисиски агенции во дваесеттиот век. Почнувајќи од доцните 50-ти години на минатиот век, ОМ е добро позната по:

- Нејзината силна посветеност на објавување и дистрибуција на христијанска литература со трајни вредности и евангелизаторско влијание на многу јазици во земји низ светот. ОМ силно го поддржа објавувањето на првото издание на Операција свет[1], голем извор за христијаните кои размислуваат за мисија.
- ОМ веројатно е првата мисиска агенција во светот што ја потенцира важноста и создаде можности за краткорочни мисии (иако тие сѐ уште даваат важен вид на доживотни мисии). Како резултат, многу водачи од други агенции, како што се Млади со мисија (YWAM), Меѓународното здружение на евангелски студенти (IFES) и Фронтиерс, поминаа време во ОМ.
- Под раководството на Џорџ, ОМ ги разви и мисиите за бродови на Логос, Дулос и Логос Хоуп, коишто беа средство за доведување на Евангелието до милиони.
- Кога не беше модерно да се прави, од 1960-тите години наваму, ОМ се фокусираше на носење на Евангелието во култури што му се спротивставуваат, како што се: Индија (и индискиот

1 *Operation World*, книга за сите земји во светот со податоци за бројот на верници и молитвени потреби.

потконтинент), Турција, Источна Европа и Блискиот Исток – сите овие служби денес даваат сè повеќе плод.

- Многу други мисиски агенции беа основани од луѓе кои беа оформени од ОМ, можеби најнапред движењето Добри овчари меѓу Далитите во Индија, како и Пионери, фокусирајќи се особено на групите на недосегнатите народи и на поголемите градови.

Поради овие креативни и стратешки иновации, многумина (вклучително и јас) би го сметале Џорџ Вервер како можеби најзначаен мисионерски водач, кој излегол од Северна Америка во последните 60 години. Со тоа резиме, ако ме прашате, сè што тој пишува вреди да се прочита!

Второ, тука е пораката. Оваа книга ги сумира убедувањата што влијаеја на Џорџ и на службата на ОМ во скоро 60 години, како што се:

- Основната потреба да се биде цврсто вкоренет во вистините на Библијата, притоа да се практикува благодат кон оние кои имаат различно мислење.
- Повик за радикално ученииштво при служење на Христос, вклучувајќи дисциплиниран, радосен и побожен начин на живот.
- Верување во најдоброто во другите христијани, избегнување да се озборува. Верување во важноста од избегнувањето потхранување огорченост и горчина кон оние кои можеби ни наштетиле, како и дарежливост на духот во партнерството со други.
- Имајќи доверба дека во Неговиот суверенитет и мистериозно провидение, Бог може да избере да донесе многу благослов, дури и од многу неуредни ситуации (она што Џорџ го нарекува „месиологија“).

- Важноста за балансирање на смелото објавување на Евангелието, заедно со службата на сочувство.
- Тековна итност за досегнување на изгубените или недостигнатите. За ова денес сѐ уште чука срцето на Џорџ и ОМ.

Ова се убедувања што ја зајакнуваа и ја водат службата на Џорџ со децении, и тие вреди да се слушнат.

Во последното поглавје од „Повеќе капки“, Џорџ вели дека „ако пораката за мистерија, милост, месиологија (и благодат) не излезе во оваа книга, тогаш јас не успеав“. Тој успеа. И заради тоа, овие признанија на доживотен ученик и водач на мисијата, вреди да се прочитаат. Ако се проучи и добро се примени оваа книга, може да направи радикални (и цели) ученици од многумина во следната генерација.

**Линдзи Браун**
Меѓународен директор на Лозанското движење за светска евангелизација, од 2008 година до денес; генерален секретар на Меѓународното здружение на евангелски студенти (ИФЕС), 1991 – 2007; некогашен припадник на ОМ (1976 – 1977).

# ВОВЕД

## Мистерија, милост, месиологија

Веќе неколку години се молам и се борам да напишам друга книга. Не се гледам себеси како надарен писател и не наоѓам многу време за да се предадам на тоа што прави уште потешко да продолжам со работа.

Мојата страст во однос на книгите, што започна при моето преобраќање, отсекогаш биле книги на други луѓе. Поминав цел живот објавувајќи и дистрибуирајќи книги од големи христијански автори, и мажи и жени. Дури и додека ги гледам моите книги, мислам дека една од најдобрите карактеристики е начинот на којшто ги запознав моите читатели со толку многу други книги. Ако имате некои други мои книги, зошто да не го проверите ова? На крајот на оваа книга има список на моите други наслови и оние што јас ги препорачувам, напишани од други автори.

Зачуден сум што повеќе од еден милион примероци од моите книги се издадени низ целиот свет на педесет различни јазици. Една од првите книги „Глад за реалност“ (1996), првично насловена „Ајде! Живеј! Умири!“, ми донесе над 25.000 лични писма. Каде и да одам, луѓе ми кажуваат како им помогнале овие книги. Тоа беше големо охрабрување и можам само да му благодарам на Господ.

Во мојата претходна книга, *Чешма што капе* (2011, на македонски 2013, Изгрев), само во една глава се обидувам да ја изложам најголемата промена во мојот живот и историјата на Операција мобилизација (ОМ): прифаќање на социјалната грижа и социјалната акција како витален дел од нашата служба. Во оваа најнова книга „Повеќе капки: Мистерија, милост и

месиологија", сакам да објаснам повеќе за тоа, како и за тоа што научив во изминатите години за предизвикот и комплексноста на ова и колку е лесно да се навлезе во тешкотија.

Не знам како да кажам, но чувствувам дека многу водачи и христијани воопшто, прават големи грешки во нивните животи и во службата. Бидејќи и јас сум направил некои грешки, се надевам дека моето споделување може да им помогне на некои за да избегнат стапици. Од набљудувањето научив дека од некои тешкотии не може да се излезе без сериозно оштетување на себеси и на телото Христово. Како што ќе прочитате во Глава 1, кога имав околу 18 години, додека бев во бизнисот со противпожарни апарати, се упатив на запад кон Големиот кањон, читајќи ја книгата Дела. Ова ме доведе до она што го направив во тоа време, стихот на мојот живот:

> *„Но мене ни најмалку не ми е за душата;*
> *само да го завршам радосно својот пат и*
> *службата, којашто ја примив од Господа*
> *Исуса; да го посведочам потполно Евангелието*
> *на Божјата благодат".*
>
> (Дела 20:24)

Сега, гледајќи наназад на 58 години во Христос, можам да кажам дека ова се случуваше помалку или повеќе на дневна основа. Мојата молитва е, колку и да ми преостануваат години, да продолжи да биде реалност. Можете ли да ги почувствувате реалноста и страста на овој стих? Дали можете да го прочитате и да го направите ваша цел во животот? Ако е така, тогаш мислам дека ќе ја најдете оваа книга корисна на повеќе од еден начин.

Како и кај *Чешма што капе*, секоја глава во *Повеќе капки* може да застане самостојно. Поради моето сеќавање, може да има мало преклопување со некои работи, напишани во други

книги, иако повторното читање на нешто што е од витално значење нема да ни наштети.

Да бидам искрен, мојата молитва е *Повеќе капки* да им овозможи на луѓето да ги читаат и моите други книги што ќе бидат наведени на крајот на оваа книга – на многу места, тие се достапни бесплатно. Исто така, моја молитва е другите да ни се придружат во издавањето на овие пораки. Имам голема страст да ѝ пренесам на следната генерација што е можно повеќе од сè она што научив од Господ и Неговиот народ. На некој начин, моето пишување може да им изгледа на некои малку „надвор од кутијата“, но од друга страна е мошне основно, и не толку тешко за разбирање, особено ако луѓето имаат и здрав разум и духовно разбирање.

Додека го завршувам пишувањето на овој вовед, слушам одлична класична музика за пијано од Чајковски, Моцарт и Бетовен. Пред неколку дена ја однесов сопругата Дрена на одличен концерт во Ројал Алберт Хол, во Лондон. Моја молитва е барем дел од она што го пишувам, особено за прошката и благодатта, да биде музика за твоите духовни уши и твојот живот, како резултат на читање на оваа книга, да стане симфонија повеќе отколку што можеби е сега. Ќе се обидам да го доведам во реалност и да го избалансирам предизвикот на радикалното учење, изразено во книгите како *Радикал* (2010) од Дејвид Плат и *Будење на благодатта* (2006) од Чарлс Свиндол. Сакам да ја додадам молбата за глобална мисија и евангелизација по секоја цена, дека сите луѓе во светот можат да го имаат Евангелието и да има црква меѓу сите народи. Се надевам дека некои кои ја читаат оваа книга ќе ми се придружат во оваа одлична визија и задача. Одговарам на секоја е-пошта лично, затоа пишете на *george.verwer@om.org*

Според Неговата благодат,
Џорџ Вервер

# ГЛАВА 1

# МЕСИОЛОГИЈА

Кога првпат ја напишав *Надвор од удобнаша зона* (2000), едно од најголемите оптоварувања ми беше да гледам повеќе на благодатта, особено кај оние кои се вклучени во глобалните мисии. Всушност, главата за „Благодат“ беше комбинирана со главата „Водство“, којашто стана самостојна брошура наречена „Водство разбудено од благодатта“, што ја делевме. Повторно и повторно, слушаме за тензии меѓу оние кои работат да го досегнат светот со Евангелието и многу локални цркви се чини дека минуваат низ многу тешки и сложени поделби. Да бидам искрен, иако слушаме за многу подобрувања во врските, во некои ситуации работите од оваа област се чини дека се полоши од кога било.

Верувам дека она што го напишав во минатото, не успеа соодветно, за да ја споделам мојата теологија за „Месиологија“, и сакам да се обидам да го сторам тоа сега. Месиологијата е мој термин, кованица, но всушност станува збор за Бог и за тоа како тој работи илјадници години.

Библијата е полна со поуки и охрабрување за живеење побожен живот на реалност и интегритет. Ако го следиме 1 Коринќани 13, тоа сосем ќе ги промени нашите животи и нашите цркви. Ова го споделив и во една од моите претходни книги, *Револуцијаша на Љубовша* (2008).

> *Ако ги зборувам човечките и ангелските јазици, а љубов немам – тогаш сум бронза што ѕвони или кимвал што ѕвечи. И ако имам дар за пророкување, и да ги знам сите тајни и сите знаења; и ако ја имам сета вера, така што да преместува и планини, а љубов немам – ништо не сум. И ако го раздадам целиот свој имот за да ги нахранам бедните; и ако го предадам своето тело да биде изгорено, а љубов немам, ништо не ми ползува.*
>
> (1 Кор 13:1-3)

Ние го гледаме Бог како работи низ сите видови на она што го нарекувам „неуредни, хаотични (анг. Messy) ситуации", од каде што го добив терминот месиологија. Со години ја цитирав мојата поговорка: „Каде двајца или тројца се собрани на Неговото име, порано или подоцна ќе се појави хаос". Речиси секогаш заедницата се смее. Потоа прашувам, колкумина го искусија тоа, и повеќето креваат раце. Потоа продолжувам да ја објаснувам месиологијата. Едноставно е дека Бог, во Неговата трпеливост, милост и страст да ги привлече мажите и жените кон Самиот себе, честопати прави големи работи среде хаос. Тоа не е изговор за грев, неуспех или правење неред – секој христијанин треба да сака да го стори спротивното, туку тоа е другата страна на монетата. Тоа е Божјиот начин на работа. Голем дел од Дела и повеќето посланија го покажуваат тоа.

Книгата на Гордон Мекдоналдс, *Обнова на вашиот скршен свет* (2004), заедно со многу други одлични книги, ми помогна да го развијам ова убедување или вера, и сега е мошне силно во моето срце. Ми помогна да го разберам Бог и Неговата работа повеќе од скоро што било друго. Тоа понекогаш го нарекувам „радикална благодат".

Во текот на педесет и седум години, во над деведесет земји, во илјадници цркви и други организации, честопати забележував некаков неред. Понекогаш се работеше за јасен грев за којшто требаше да се покае. Другпат тоа е само глупаво, или сакате да го опишете, бесмислено однесување од Божјите деца. Кажав и чувствувам силно, дека колку и да сме исполнети со Светиот Дух, сепак сме мошне човечки. Нашата човечност има своја прекрасна страна, како и своја неуредна страна.

Им се восхитувам на многу христијански водачи и се обидувам да имам став, разбуден благодатно кон сите нив, но во сите овие педесет и седум години, видов дека христијанските водачи, вклучително и мисионерите, прават некои од најглупавите работи и кажуваат дури и смешни работи... А понекогаш, таков сум и јас. Сепак, како што набљудував повнимателно, го видов Бог како работи среде нередот. Веројатно нема да сакате да го прочитате ова, но видов многу луѓе што ги користел Бог, кои истовремено живееле во грев. Видовме дека пасторите се користат од Бог, гледаме како се спасуваат луѓе, гледаме дека расте црквата, а луѓето се дисциплинирани, а подоцна откриваме дека биле во редовна прељуба и неверство. Зборувам за оженети лица со деца. Се разбира дека честопати, со тек на време, ги фаќаат, ги отпуштаат, понекогаш се разведуваат или уште полошо. Неколку години подоцна, ќе ги сретнете со нивниот нов сопружник, и откривате дека Бог ги употребува во служба. Ако пишував цела книга за ова, можев да дадам стотици слични примери. Како да го објасниме? МЕСИОЛОГИЈА!

Некои други клучни зборови околу оваа идеја се „мистерија“ и „милост“. Последните стихови од Римјаните 11 повторно ми помогнаа: „О, длабочино на богатството, премудроста и Божјото знаење! Колку се недостижни Неговите судови и неиспитливи Неговите патишта!“ (Рим 11:33).

Најтешко за некои луѓе, особено за водачите е да прифатат дека Бог работи на моќен начин преку некого за кого сметаат

дека има погрешна теологија. Како може ова да биде? Среќавам луѓе кои се вознемирени од некои телевизиски евангелисти и други во тој уникатен комплексен свет. Многу луѓе ми велат дека не ги гледаат. Напишани се цели написи против одредена христијанска телевизија и се согласувам со некои од кажувањата. Работите што сум ги видел и слушнал на овие програми би можеле да ме направат да плачам, особено екстремните трикови за собирање средства на т.н. трговија. Но, немојте да се изненадите кога ќе стигнете на небесата и ќе сретнете стотици илјади што дошле кај Христос преку некои од овие служби! Дали ни треба повеќе од односот на апостол Павле, како што е прикажан во Филипјаните 1:15-18?

> *Навистина, едни Го проповедаат Христа од завист и љубов кон препирки, а други од добра волја; едни од љубов, знаејќи дека лежам во окови за одбрана на Евангелието, а други Го навестуваат Христа од нечесно честољубие, не со чиста намера, мислејќи да ми нанесат неволја во моите окови. Но што тогаш? Само тоа: дека на секој начин, било дволично или искрено, Христос се проповеда. И му се радувам на тоа, а и ќе се радувам.*

Тешко е да се прифати дека Бог користи служби и луѓе со кои можеби не сакаме да имаме ништо. Тој, се чини дека ги поддржува службите на коишто не би им испратил дури ни 100 денари. Сакаме да ги објасниме овие работи и да се обидеме да ги вклопиме во нашата кутија, но понекогаш откриваме дека тие не одговараат! Одговорот – месиологија! Ми треба уште цела една книга за детално да го објаснам ова. Имам двајца писатели кои сакаат да ми помогнат да го напишам, но се сомневам дека ќе го сторам тоа. Би било премногу хаотично.

Друга важна клучна област каде што работите стануваат мошне незгодни е областа на финансирање и испраќање средства за мисиските полиња, за луѓе и проекти. Со хорор приказни можеме да „докажеме“ нешто што сакаме, така што луѓето раскажуваат хорор приказни за злоупотреба на средствата на терен, и ги плаши луѓето воопшто да испраќаат пари. „Зависност“ е тежок збор, а за тоа се напишани многу екстремни книги и статии. Верувам дека ова предизвикува голема конфузија. Убеден сум дека, историјата ќе покаже дека великодушноста и ризикот од поддршка на проект (како училиште) дури илјадници километри далеку, биле главни позитивни фактори за приближување на Евангелието и воспоставување на Неговата црква. Посакувам да имав време и дар да напишам цела книга и за ова.

Жално е што некои луѓе нема да поддржат ново училиште или други слични проекти, ако не видат како може веднаш да се самоиздржува. Ова е огромна грешка, особено на места како Индија. Самоиздржуваните училишта биле истакнувани во Индија долги години и затоа има многу малку добри училишта за екстремно сиромашните (генерално Далити или племенски народи); додека пак, има илјадници училишта за оние кои можат да платат (не велам дека ова е погрешно). Во сложената ситуација на екстремна сиромаштија, мора да очекуваме да вложиме многу пари пред училиштето да може да се самоиздржува. Можеби ќе поминат неколку децении, кога луѓето кои ги завршуваат овие училишта, најдат работа, пред да можат да се променат работите. Може ли луѓето да замислат на што се спротивставуваме во Индија со скоро 300 милиони заробени во крајна сиромаштија на недопирливост? Овие посебни ситуации, а има многу низ целиот свет, бараат особена дарежливост. Фрлањето тактика на страв од „зависност“ може да биде една од најголемите пречки. Тоа не значи дека не треба да користиме разборитост и истражување во врска со сè што

даваме. Да се има соодветни луѓе на терен за управување со финансиите и проектите е најважниот фактор. Како и да е, дури и кога некои работи одат наопаку и има неуредни ситуации, сепак верувам дека историјата ќе покаже дека Бог правел многу повеќе во овој хаос отколку што сфаќавме во тоа време. Луѓе, цркви или фондации кои мислат дека изгубиле пари на проект што тргнал наопаку, може да откријат мошне одлични резултати од нивното давање кога ќе дојдат на небесата.

Во сето ова, треба да имаме повеќе мудрост и здрав разум и особено да бидеме свесни за она што го нарекувам „деструктивен идеализам". Ако овој идеализам се комбинира со видот перфекционизам што многумина од нас го имаат, тоа предизвикува многу обесхрабрување, раздор и забуна. Затоа има толку многу книги што упатуваат на нечии учења или агенда, коишто даваат неточна слика за другите луѓе, цркви и организации и за она што тие го прават. Малку повеќе мудрост, трпеливост и смиреност би нè одвеле во поголема реалност и победа.

Додека ја завршувам ова глава, се одвива полемика помеѓу мисиите и црковните водачи, повеќе отколку што знаев во текот на целиот мој живот. Постои голема група луѓе кои сакаат да се сметаат за библиски и евангелски, а сепак, на мошне суптилен начин, ги негираат самите основи на верата, како изгубеноста на сите кои се надвор од Христос и Неговата заменска смрт и многу други основни доктрини, коишто повеќето евангелски водачи и мисиски агенции ги држеле стотици години.

Сметам дека многу книги се толку критични за црквата и за сегашното евангелско глобално движење, коешто сега вклучува стотици милиони луѓе од скоро секој народ во светот. Се чини дека велат дека: Хадсон Тејлор, Џон Стот, Били Грејм, Жан Калвин, Гудман Ни, Бахт Синг, Вилијам Кери, д-р Френсис Шефер, Чарлс Сперџген, Д. Л. Муди, Фесто Кивенгер, Вилијам Бут, Џон Весли, Ејми Кармихаел, Августин од Хипо и стотици

други кои помогнаа ова движење да стане она што е денес, сето тоа не беше во ред. Тие можеби вербално нема да го кажат тоа така, но за мене, тоа е она на што јасно имплицира нивното пишување. Нивните книги коишто станаа толку популарни, имаат многу добри работи да кажат, но, според мое мислење, повторно тие застрануваат од вистината, оставајќи ги читателите во сомнеж и збунетост, што создаде големо неединство во Телото Христово и предизвика да се разделат неколку цркви. Честопати, природниот резултат е критика кон сопствената црква или деноминација. Ова секако може да предизвика многумина да ја напуштат својата црква и да започнат нови цркви, честопати повеќе засновани на реакција отколку на библиска вистина. За мене, тоа води кон повисоко ниво на месиологија од кога било. Верувам дека во средината на тоа ни треба повеќе мудрост, љубов и проникливост отколку кога било досега. Треба да продолжиме со погледот вперен кон Исус, и покрај тие тешкотии и предизвици.

# ГЛАВА 2

# ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ, КНИГИ И ПОГОВОРКИ

Додека го пишувам ова, роденден е на ќерка ми Криста и сакам да ѝ ја посветам ова глава. Еден од моите многу неуспеси во раните денови, беше да не присуствувам во болницата во Леиг, Ланкашир кога Криста се роди. За среќа Дрена беше таму! Се враќав од странство и не стигнав на меганастанот. Ѝ го дадовме името по Криста Фишер, која е од тогашна Источна Германија и која подоцна стана г-ѓа Реј Ајхер. Таа со години, заедно со Алфи Франкс, беа водачи на нашата работа во Индија. Криста поверува во Исус во раните денови преку нашата служба во Мадрид, каде што прво живеевме кога дојдовме во Европа, во есента 1960 година. Бен, нашиот прв син, се роди веднаш потоа.

Во летото 1957 година, тројцата планиравме да заминеме во Мексико за да дистрибуираме литература и да досегнеме до луѓето со Евангелието. Учев шпански и во средно училиште и во првата година од колеџот Меривил, каде што се запознав со Волтер Борхард, мојот цимер и Дејл Ротон, кој мошне брзо стана силно побожно влијание во мојот живот. Не тргнавме до средината на јули, бидејќи Дејл студираше на Летната школа во Витон, а јас и Волтер продававме христијански книги од врата до врата во мојот регион, во северо-источен Њу Џерси. Продавав противпожарни апарати во таа област веќе неколку години и тој бизнис се одвиваше одлично. Ќе запалев оган во тава пред нечија куќа и сите ме гледаа како го гасам со овој мал „Противпожарен апарат Престо“. Наскоро имав многу

други луѓе кои продаваа, додека јас заработував голем профит, и на големо и на мало. Мојот шеф беше Евреин, Финклестајн во Менхетен, и беше навистина посебно некој на шеснаесет години да оди и да го запознае. Тој беше толку среќен за мојата продажба што ме направи ексклузивен агент за округот Берген, и затоа јас официјално ја регистрирав мојата компанија, Берген Каунти Селс Ко. Сѐ се одвиваше одлично, сѐ додека Исус не влезе во мојот живот и ме доведе во бизнис со „Вечниот пожарен апарат". Во текот на летото 1955, 1956 година и веднаш по моето преобраќање, беа противпожарните апарати, но до 1957 година, тоа беа библии и христијански книги и наскоро започнав со мисија наречена „Испрати светлина".

Додека јас и Волтер во Њу Џерси продававме христијански книги од врата до врата, и за да ја рашириме пораката и за да заработиме пари за нашето патување во Мексико, добро се сеќавам дека имаше една дама во Северен Халедон која купи многу книги, што ме направи мошне среќен. Мислам дека таа можеше да види дека имам ревност, но можеби и не толку мудрост, и затоа ме предизвика да ја прочитам „мудрата" книга „Изреки" од Стариот Завет. Постепено читав низ Стариот Завет, но не бев сигурен дека сум стигнал толку далеку. Таа рече нешто што никогаш нема да го заборавам: „Една поговорка на ден ќе го држи ѓаволот подалеку", а потоа во Библијата ми покажа дека има 31 глава во Изреки, по една за секој ден во месецот. Може да бидете сигурни дека оттогаш навлегов во Изреки. Не знаев што има Бог пред мене и колкави поттикнувања и мудрости од оваа книга ќе ми помогнат во моето четириесет и шестгодишно патување како водач на Испрати светлина, коешто подоцна во Европа стана „Операција мобилизација".

Кои се некои од најважните моменти што многу ме погодуваат? Еве неколку главни теми:

## 1. Победа над страста

Постојат неколку стотици стихови за сексот во Библијата и некои од нив изгледаат прилично диви и надвор од кутијата, како Изреки 5:18-19:

> *Нека е благословен твојот извор, и радувај се со жената на својата младост, нека ти е како мила срна и љубезлива кошута; нека те напојуваат нејзините гради во секое време, и нејзината љубов те восхитува непрекратно!*

Тогаш како млад христијанин, толку гладен за Бог и така радикално посветен на Исус и Неговото Слово, не сфатив дека ќе се борам со сето тоа во мојот живот. Пред моето преобраќање, се впуштив по малку верувајќи дека не е во ред, но по преобраќањето добив сила да се борам и да го поразам ова во мојот живот. Во тоа време, мислам дека не сум видел дури ниту еден вид тврда порно слика, но сигурен сум дека без Исус би се впуштил по тој пат. Повторно и повторно читав Изреки 5, 6 и 7 и стихови како овие и други слични учења низ Библијата, и тие поставија цврста основа за мојата доживотна битка со похота.

> *И тој тргна лудо по неа, како што волот оди на кланица и како што еленот, заплеткан во мрежата, зашто мнозина ги рани смртно и ги падна, и мнозина се оние што ги уби. Патиштата низ нејзината куќа водат во пеколот, долу во собите на смртта.*
>
> (Изреки 7:22,26-27)

Никогаш не сме сонувале во тоа време дека тоа патување во Мексико, ќе нѐ натера да станеме едни од најголемите

дистрибутери на Библијата и книги на оваа тема на многу јазици низ целиот свет. Главата на тема страст во мојата претходна книга „Чешма што капе“, којашто излезе како статија за списанија, е една од најтешките работи што некогаш сум дозволил да се печатат.

## 2. Гревови на јазикот

Гревовите на јазикот се една од најголемите теми на Изреки. Само пробајте ги овие стихови за да ја видите големината!

> *Благиот одговор ја ублажува јароста, а грубиот збор го зголемува гневот. Јазикот на мудрите луѓе го прославува знаењето, а устата на безумните истурува глупост. Господовите очи се на секое место и ги набљудуваат и лошите и добрите. Благиот јазик е дрво на животот, а пакосниот е рана за духот.*
>
> (Изреки 15:1-4)

> *И глупецот се смета за мудар кога молчи, и за разумен, кога ги воздржува своите усни.*
>
> (Изреки 17:28)

> *Кој ги чува својата уста и јазикот, самиот се чува од неволја.*
>
> (Изреки 21:23)

На потешкиот начин открив колку е лесно за ликовите како мене да ги повредуваат луѓето со нељубезен збор и во мојот случај, оној кој е најмногу повреден е мојата сопруга во нашите 55 заеднички години брак. Дури и пред да се оженам, заради Божјата работа на благодат во мојот живот, бев на мошне високо ниво на победа со она што ми излегуваше од устата, а

„револуцијата на љубовта", за којашто пишував, беше растечка реалност за мене. Преку читање книги како „Патот до Голгота" (1980 на македонски 2008, Изгрев) од Рој Хешон, „Понизност" (2012) од Ендру Мареј и многу други, научив како да се смирам, да се покајам и да се извинам.

Сфатив дека честопати гордоста е таа што првично ме спречуваше да го правам тоа, и уште од млада возраст прогласив ВОЈНА за сите форми на гордост. Стихови како Галаќаните 2:20 станаа дел од мојата духовна ДНК и ненагласување на распнатиот живот во некои цркви денес, па дури и меѓу некои водачи, е една од денешните слабости што најмногу ме загрижува.

> *Со Христа сум распнат на крстот; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене: а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку верата во Божјиот Син, Кој ме возљуби и Се предаде Себеси за мене.*
>
> (Гал. 2:20)

Повторно, Били Грејм ми беше огромна помош со моќните пораки на „Седумте смртни гревови" и други радиопроповеди што ги добив во печатена форма, ги читав и ги дистрибуирав. „Седумте смртни гревови" ме погоди толку многу што можам да ви кажам кога и каде бев кога го прочитав – Улица Тасо број 8, Фулам, Лондон. Прво живеевме таму во еднособен стан за којшто зборува Хоис Биркс во неговата автобиографија *Нов човек* (2012). Беше февруари 1962 година и штотуку пристигнавме во Велика Британија, а името Операција мобилизација се употреби за првпат.

## 3. Мрзливост

Се сеќавам на конференцијата на ОМ во Индија, околу 1967 година, кога ги замолив луѓето да ја споделат својата најголема

борба во нивната работа и на мое изненадување, тие рекоа мрзливост. Мислам дека ова беше толку голем проблем, заради екстремната топлина и јас самиот доживеав дел од тоа. Раното читање Изреки повторно ги постави темелите, а пред да наполнам 20 години, објавив тотална борба против недостаток на дисциплина и мрзливост во секаква форма. Еве неколку одлични стихови за охрабрување:

*Трудољубивата рака ќе владее, а безгрижните ќе одат кон подложност. Мрзливиот нема да го улови својот лов, а трудољубието е скапоцено благо за човекот.*

(Изреки 12:24,27)

*Кој е негрижлив во својата работа брат му е на расипникот.*

(Изреки 18:9)

*Мрзливоста навлекува во човечкиот длабок сон, и неработливата душа гладува. Мрзливецот ја макнува раката во чинијата, но не ја принесува до својата уста.*

(Изреки 19:15,24)

*Мрзливецот вели: „Лавот е надвор, би ме убил среде улицата“. Дали си видел човек, трудољубив во својата работа? Таквиот има пристап при царевите и не им служи на простаците.*

(Изреки 22:13,29)

Имав среќа во детството што имав мошне вреден татко и тој добро ме научи во библиската етика да не бидам мрзлив.

Морав повторно да научам, на потешкиот начин, како да бидам трпелив со оние кои ја немаа таа етика, и дека напорното работење, дури само еден ден, ќе биде тешко за нив. Овој силен акцент на работа и дисциплина може да ги доведе луѓето во преправање и еден вид двоен живот. Луѓето би се однесувале на еден начин кога никој не гледа, но сосема поинаку кога некој, особено од тимот ги гледа. Подоцна тие ќе се чувствуваат осудени и тоа може да доведе до секаков вид духовна и емоционална збунетост. Ова е причината зошто повторно и повторно целото наше движење и мојот сопствен живот беа спасени од „Радикалната благодат". Бидете сигурни дека ќе ја прочитате книгата на Ренди Алкорн „Парадоксот на благодатта и вистината" (2003) за помош во врска со ова.

## 4. Лутина

Почнав да се тепам уште од млада возраст, еднаш дури и со една девојка која ме натепа. Се сеќавам дека формирав мала банда на мојата улица во Вајкоф, Њу Џерси кога имав околу дванаесет години. Се мававме со желади што паѓаа од дрвјата. Алберт ја водеше другата банда и бевме непријатели. Ги напишав најпопуларните пцовки од нашево време со црна боја на ѕидот на неговата голема бела куќа. Ширли, девојчето од спротива, сигурно ме видела и му кажала на татко ми. Тој навистина не го ценеше ова рано уметничко изразување и морав да одам и да го пребојадисам ѕидот. Се чини смешно, но гневот не е смешен и можеше да ми го уништи животот.

Се сеќавам кога посетив еден човек во затвор кој убил човек. Тој ненадејно отишол во куќата на својата девојка и нашол друг маж со неа. Во излив на гнев го убил на лице место. Кога го запознав, имаше пронајдено прошка во Исус и продолжи во затворот да ја споделува својата вера.

Иако имав високо ниво на победа во оваа важна област, имав и свои неуспеси на коишто до ден-денес добро се сеќавам.

Дури и како дете, внатре во моето срце, никогаш не сакав да повредам некого или нешто. Се чувствував лошо кога по грешка убив верверица со мојот пиштол на дијаболи (или можеби тоа беше со лак и стрела?! Не можам да се сетам). Се чувствував лошо и соодветно ја погребав. Нетрпеливоста, во комбинација со гневот, честопати кога реагирав на нешто, беше една од моите слабости, но јас никогаш не сум се откажал од борбата и ја научив реалноста на 1 Јован 1:8-10:

> *Ако влечеме дека немаме грев се измамуваме сами себе, и вистината не е во нас. Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секоја неправда. Ако речеме дека не сме згрешиле Него Го правиме лажец, и Неговото слово не е во нас.*

Следниот стих во глава 2:1-2 е исто така корисен:

> *Дечиња мои, ова ви го пишувам за да не згрешите; и ако некој згреши, имаме Бранител при Таткото: Исуса Христа, Праведникот. Тој е жртва помирница за нашите гревови; не само за нашите, туку и за гревовите на целиот свет.*

Толку многу сум загрижен за лутината, што ги повикувам луѓето сериозно да размислат дали да стапат во брак со некој кој нема победа над лутина или ако лицето во минатото имало големи проблеми со лутината, и постои голема шанса дека по бракот ќе се разгори повторно и може да има физичко насилство. Семејното насилство, дури и меѓу оние кои тврдат дека го следат Господ, е еден од гревовите што црквата честопати била мошне

надарена да ги прикрие, особено ако станува збор за ѓакон, старешина, па дури и пастор или водач на славење. Ако не успеете многу во оваа област, треба да побарате помош. Само читањето Изреки нема да биде доволно. Потребна ви е помош, којашто секогаш ќе вклучува покајание и одење во светлина.

> *И ова е веста што ја чувме од Него и што ви ја јавуваме вам: Бог е светлина и во Него нема никаква темнина. Ако речеме дека имаме заедништво со Него, а одиме во темнина, лажеме и не ја вршиме вистината. Ако пак одиме во светлина, како што е Тој Самиот во светлина, имаме заедница еден со друг, и крвта на Неговиот Син Исуса Христа нè очистува од секој грев.*
>
> (1 Јован 1:5-7)

***

Има многу повеќе за сите витални теми во оваа книга и една од главните цели за оваа глава е да ве натера редовно да ја читате Библијата и да се справувате со вера со секое прашање за коешто ви зборува Господ. Се надевам дека ќе чујам од некои од вас кои го прават токму тоа (мојата е-пошта е дадена на крајот од Воведот во оваа книга). Се надевам дека ќе прочитате и 2 Тимотеј 2:2 и ќе го споделите со другите она што го научивте, а тие пак, тоа можат да го пренесат на уште повеќе луѓе.

> *И што си чул од мене, пред многу сведоци, довери им го на поверливите луѓе, кои ќе бидат способни да ги поучуваат и другите!*
>
> (2 Тим. 2:2)

Неодамна ја филмував книгата Изреки во рамките на „Книга по книга“ на ДВД со Ричард Бивс, Пол Блекхам и тимот на Библиски рамки. Се надевам дека мнозумина од вас ќе можат да го гледаат. Исто така, ДВД од мојата животна приказна, со наслов Џорџ – вистинскиот (2015), што мошне добро се вклопува во она што се обидов да го споделам во оваа книга. За повеќе информации или за нарачка на ова ДВД, посетете ја страницата: *www.cwr.org.uk/store*. Повеќе од она што го напишав се надевам дека ќе стане уште поживо и употребено од Светиот Дух.

# ГЛАВА 3

# ЕДИНСТВО СРЕДЕ РАЗНОВИДНОСТ

Додека ја пишувам оваа глава сум во Германија, на невообичаено место што се нарекува, „Главната куќа на движењето Ѓаконките на Аидлинген“. Овде доаѓам околу четириесет години. За неколку недели повторно ќе постават огромен шатор на нивниот имот и ќе имаат еден од најголемите младински настани во Германија со повеќе од 8000, кои доаѓаат од целата земја за да го слушнат Словото Божјо и добра христијанска музика. Оваа година тоа не е никој друг туку нашиот Бил Дрејк од ОМ. Се сеќавам дека зборував тука пред неколку години и секогаш е неверојатно да се види дека Бог работи во срцата на толку многу млади. Овие драги сестри се заветуваат на немажење и некои ги сметаат за протестантски монахињи иако се членови на лутеранската црква, овде во Германија. Леле, како млад христијанин од САД, не знаев дека постојат такви луѓе. Сега сметам дека е голема привилегија да имам некои од овие сестри во Исус како блиски пријателки. Ова е едно од моите омилени места за промена на темпото и да се предадам на молитва, пишување и прошетки во големата шума во околината. Го споделувам Словото Божјо со нив и имаме големо дружење околу прекрасните оброци што тие ги подготвуваа. Нивната длабока љубов кон Исус и Неговото Слово и желбата за мисија во светот е мошне очигледна.

Можете ли да ја замислите разновидноста на движењата, црквите и луѓето на кои наидов во овие шеесет години во

близу стотина земји? Се разбира, само да поминете време на нашиот брод Логос Хоуп, каде што има околу четириесет различни националности заедно на еден брод. Не е ни чудо што молитвените ноќи се особено интересни.

Визли Гарденс, близу Лондон во близина на аеродромот Хитроу, е уште едно од моите омилени места. Мојот близок пријател Дани Смит, кој дојде кај Исус кога првпат го запознав во Калкута пред скоро педесет години, живее во близина. Тој е секогаш спремен да ме собере на железничката станица и да ме одведе во оваа градина со илјадници различни цвеќиња. Сум бил таму многупати, честопати шетајќи наоколу, слушајќи ја Библијата на аудио или разговарајќи по телефон во исто време. Огромната градина ме потсетува на црквата ширум светот, со над 40.000 деноминации или движења и таа бројка брзо расте.

Едно од моите омилени делови во Визли е делот за кактуси. Никогаш не знаев дека има толку многу видови. Ме потсетува на многу Божји луѓе кои ги запознав низ целиот свет.

Слушнав водачи што ги почитувам, како зборуваат за движењата и деноминациите на негативен начин и можеби во тоа време и јас бев на тој ум. Но, гледајќи ја разновидноста на луѓето кои Господ ги користеше во Библијата и разновидноста на ѕвездите и галаксиите во скоро секоја област на создавање, сфаќам дека тоа е во голема мера прекрасна и позитивна работа. Мислам дека одговорот зошто не сме сите една црква (иако духовно сме) е лесен. Тоа не е Божјиот начин да се гради Неговото Царство (знам дека тоа значи различни работи за различни луѓе) и треба да ја славиме оваа голема разновидност. Знам дека некои од овие движења може да бидат еретички, така што се издвојуваат од Царството, но дури и таму може да најдеме вистински верници среде хаос. Повеќето деноминации имаат поделби, а големата глобална поделеност е помеѓу оние кои веруваат дека Библијата е вистинското Божјо Слово и оние кои не веруваат во тоа. Зборот „фундаменталист“ започна да

ги разликува оние кои веруваат дека Библијата е Слово Божјо од оние кои не веруваат и кои честопати биле нарекувани „либерали“ (никаква врска со политиката). Во последниве децении терминот „евангелско“ почна да ги означува оние кои се држат до библиската вера, но кои генерално не ја сакаат етикетата „фундаменталистичка“, којашто е поврзана со хиперлегализам, осуда, па дури и споредувана со муслиманските фундаменталисти. Затоа илјадници цркви и стотици движења се здружуваат во *WEA* (World Evangelical Alliance – Светска евангелска алијанса) или пак во слични национални здруженија. Јас сум дел од *WEA* и бев активен во моите помлади денови. Во нашите големи глобални настани, научивме да ги почитуваме уште повеќе прекрасните различни начини на коишто Бог работи во толку многу деноминации и движења.

Ги гледам сите како семејство и верувам дека Бог многу од својата работа прави преку семејството. Порано бев тежок кон луѓе кои не беа како мене, интерденоминационални, но не повеќе. Ако тие, нивната локална црква и можеби нивната деноминација го познаваат Исус и се лојални на Него, јас само велам слава на Бог. Тие веројатно таму го најдоа Христос и беа воспитани во верата. Ова е важно за нив и е нормално дека повеќето од нивниот духовен живот и активност ќе бидат во нивното семејство.

Мора да се соочиме со фактот дека многу од растот на црквата, а исто така и социјалната грижа и акција се одвиваат врз основа на тоа. Да, Бог користи и интерденоминационални движења и ние треба да се ослободиме од или-или менталитетот и да сфатиме дека Бог работи во различни луѓе на различни начини.

Се разбира, колку повеќе имаме време за заедничко славење и богослужби и евангелизација, толку подобро. Сигурно, без искрена љубов еден кон друг, ние само се кочиме себеси и сопствената црква или движење.

Бог работи преку културата, јазикот, луѓето, ситуациите и секакви околности. Повеќето цркви или движења во текот на овие последни две илјади години беа започнати од визионерски водач или водачи, за што има илјадници примери. До Лутер имаше само неколку главни поделби, но во исто време католичката црква научи како да ја канализира различноста во различни редови, и така видовме огромен спектар на редови, како Језуити, францисканци, сестри на Марија. Ова не е место за мене да пишувам за големите грешки што навлегоа во таа црква во тие денови и до денес. Беше навистина „неуредно“ време, но дали некој од нас ќе се осмели да каже дека Бог не прави ништо среде тоа?

Католиците денес се особено критични за сите наши различни цркви и деноминации, но препорачувам да одат во градините на Визли. Бог работи во нашиот пад и човечност и така сè што ние, луѓето допираме, да – дури и црквата, ќе ги има своите слабости, маани и понекогаш, тажно да се каже, екстремни и лажни доктрини. Тајната на тајните е КАКО нашиот голем Бог, заради она што го стори Исус Христос на крстот, продолжува да работи и да прави прекрасни работи среде сето тоа. Ние мора да славиме повеќе од она што го прави нашиот голем Бог низ целиот свет, верувам, во милион различни локални цркви. Леле, за Него нека бидат пофалбите и славата!

Ова не значи дека ја оставаме настрана нашата битка за поголема светост, реалност, победа и сè за што зборувам во оваа книга и во моите други книги. Не значи дека заборавме дека Сатаната е громогласен лав кој ги бара оние кои може да ги проголта, а понекогаш доаѓа како ангел на светлината. Реалноста на духовното војување, наведено во Ефесјаните 6, е мошне реална.

Мошне сме свесни дека некои цркви и цели деноминации се мртви или главно мртви. Други ја преминаа линијата во екстремизам или дури и во ерес. Сите ние мора да се бориме

во добрата борба. Не смееме да правиме изговори за гревот и глупоста, туку секогаш да се покаеме и да се обидеме да ги исправиме работите. Повторно, тоа е рамнотежа на вистината што е потребна на секој чекор на патот.

Во мојата претходна книга „Чешма што капе“, особено се занимавам со напнатоста што доаѓа помеѓу црквата и таканаречената парацрква. Се надевам дека ќе ја прочитате таа глава (Глава 22).

## ГЛАВА 4

# ПАРАДОКС, СЛОЖЕНОСТ, МИСТЕРИЈА И МЕСИОЛОГИЈА

Свесен сум дека додека ја пишувам оваа книга, за многу млади верници кои ќе ја прочитаат ќе биде претерана, па дури и на места збунувачка. Морам да го преземам тој ризик затоа што порано или подоцна, ќе се сретнеме со луѓе, цркви и христијански групи кои самите се претерани, збунувачки, а можеби и многу полошо. Додека ги читавте моите размислувања за многу области на христијанското служење и активност, без разлика колку е тажно, диво, па дури и погрешно, се чини дека во крајна линија, оваа книга е за величието и милоста на Бог, заради она што Исус Христос го направи за нас на крстот. Ако се борите да ме разберете, можеби е корисно да прочитате за основите на христијанството од Џон Стот – *Основно христијанство* (2012) или *Мир со Бог* од Били Греам (2000 на македонски 2006). Можете да ми испратите е-пошта и јас ќе ви испратам некои од овие класични дела како подарок.

Можеби сте меѓу оние млади христијани кои веќе се збунети или обесхрабрени од она што сте го виделе, па дури и искусиле во црквата, ОМ или некоја друга христијанска агенција. Ако е така, читајте натаму. Ве молам, обидете се да видите што се обидувам да кажам кога споделувам од моето срце и ум некои од областите со коишто се борев, што доведоа до бескрајни битки со разочарување, обесхрабрување, па дури и сомнеж и неверување.

Претпоставувам дека една од причините што го пишувам ова е тоа што шеесет години во Христос сум слушал христијани, честопати и христијански водачи кои се толку критични кон другите христијани, цркви или организации. Ова вклучува луѓе кои ги почитувам и ги сакам и од кои учев. Мојот проблем не само што беше недостатокот на загриженост и љубов што го видов, туку и тоа дека често тие не ги имаа вистинските факти или ги вадеа работите надвор од контекст. Посакувам пред педесет години да имавме повеќе книги како *Водство со љубов* (2006, на македонски 2015) од Александар Страух или *Ако се гризете и проголтувате еден со друг* (2011) од истиот автор, драг поранешен „ОМ“-ер кого многу го ценам. Имавме такви книги и мило ми е што во ОМ, тие беа задолжително четиво. Овие книги помагаат да се постават нашите темели, повеќе отколку што можеме да замислиме. Ова ја вклучува единствената книга *Патот кон голгота* од Рој Хешон (којашто претходно ја спомнав) и *Љубовта е одговорот* (1960) од Теодор Еп. Набргу откако ја прочитав таа книга, ја напишав *Револуцијата на љубовта*, проследена со книги за учењето, за екстремизмот и за рамнотежата.

Да разјасниме, особено како млад водач, понекогаш бев еден од најкритичните кон другите водачи, цркви или организации. Полека научив да бидам попозитивен, но само кога развив поинаков поглед на начинот на којшто работи Бог и со кого Тој работи, можев да видам позитивни работи што се прават преку луѓе, цркви или организации за кои сметав дека имаа грешки или погрешни типови практика. Во својата книга *Парадоксот на благодатта и вистината*, Ренди Алкорн ни направи голема услуга и ни покажа дека можеме да имаме и силна посветеност на вистината, што отсекогаш сум ја имала, но и живот на љубов и БЛАГОДАТ. Со ова, многу побавно ќе критикуваме, особено кога навистина немаме целосна слика за целата приказна. Фактите честопати тешко се наоѓаат.

Во исто време, Светото Писмо ни заповеда да ја браниме верата. На сите може да ни помогне еден свеж поглед на второто и третото послание на Јован.

Во оваа глава сакам да споделам некои од областите што предизвикаа мноштво конфузии и борба.

1. Книги, трактати и како што ја нареков, „печатена страница" во мојата прва книга *Литературна евангелизација* (2003). Прво, како млад христијанин на околу две години во Христос, почнав да продавам книги од врата до врата. Во летото 1957 година, пред да заминам во Мексико, ми падна во раце списанието наречено *Потоп* и мојата вклученост во Лигата за џебен Нов завет; Дури и пред да се преобратам, ме одведоа по патот на службата преку печатена литература, особено преку евангелијата, Новиот Завет и Библијата. Бев благословен кога читав христијански книги и летоци и сакав со целосна искреност да ги благословам другите. Продавајќи книги од врата до врата, открив дека детските книги најмногу се продаваат, така што влегов и во тоа. Наскоро открив секаков вид книги со секакви поуки, од коишто некои изгледаа мошне екстремни, па дури и невистинити. Гледајќи назад во животот со книги, можам да викнам: **Бог користи книги!**, но она што можеби не сакате да го слушнете е дека Бог може да користи лоши книги, но и ѓаволот може исто така. Открив дека книгите што не би ги продавал и не ги сакам, Бог ги користеше за да им помогне на луѓето, па дури и да ги донесе луѓето до Христос Спасителот. Како се справувате со тоа што книга за којашто сметате дека е навистина лоша, некому му помогнала и бил благословуван преку неа? Како го објаснувате тоа што Бог употребувал книги на моќен начин, а авторот сега паднал во прељуба или нешто полошо? Уште покомплексно е што книгите напишани од големи Божји мажи и жени кои ги сакаме и ги

почитуваме, честопати не се согласуваат едни со други, а понекогаш и за важни теми. Ако читаме доста и почитуваме широк спектар на луѓе, како да одлучиме во своето срце што да веруваме? Изгледа им е полесно на младите верници како и на мојот внук кога одлучуваат што тој верува за доста сложени теми и доктрини. Нема да бидам тука, но се прашувам каков ќе биде тој на моја возраст?! На моменти ми се чинеше дека е таков хаос и претпоставувам дека затоа подучувам „месиологија"; дека Бог во Негова милост и благодат и мистерија често прави големи работи среде хаос, работи што изгледаат мошне важни за нас и веројатно Него. Но, она што го стори Исус на крстот открива различни приоритети во Живиот Бог, на начин на којшто тој реагира на различни луѓе, цркви и ситуации.

2. Ако мислиме дека светот на христијанската литература е комплексен, тогаш видете со телевизијата и Интернетот, како што се Јутјуб, Фејсбук и сето тоа што доаѓа. Простете за клишето, но „боли глава". Истражувањата, вклучително и моето, покажуваат дека ТВ проповедниците, кои некои од нас тешко можат да смислат да ги гледаат или слушаат, им помогнале не на илјадници, туку десетици илјади да дојдат кај Христос низ целиот свет. Сега некои луѓе веднаш велат: „Па повеќето од нив мора да биле лажни преобраќања". Потоа, добиваме силно предавање за тоа, Евангелието коешто е проследено со екстремна изјава за покајание и за Господството на Христос, да нè натера да веруваме дека ова не е библиско преобраќање. Имам многу проблеми со ова, но најголемиот е што во последните педесет години запознавав вакви луѓе низ целиот свет и се чини дека се автентични верници. Многумина од нив биле употребени од Бог не само за да ги водат другите кон Христос, туку започнале илјадници цркви.

Запомнете, ние сè уште сме сред најголема жетва на луѓе за Господ, за каква што светот знае досега. Како некој што беше преобратен преку проповедник кој некои го критикуваа, Били Греам, морав да го живеам целиот свој христијански живот со критика дека луѓето кои само донесуваат одлуки на такви настани не се навистина спасени, туку тоа е само во нивната глава. Отсекогаш ми беше мистерија зошто некои луѓе како да уживаат во намалувањето на бројот на луѓе кои навистина се спасени.

Велиме дека луѓето се спасени по БЛАГОДАТ бидејќи ја ставаат својата вера во Господ Исус Христос, но се чини дека со нашето однесување укажуваме дека држењето на сите правила и регулативи е навистина тоа што прави да знаеме дали се вистински христијани. Ве молиме, обидете се да ја прочитате *Екстремната праведност* (1997) од Том Ховестол и ќе откриете, како и јас, како ние силните верници во вистината, лесно развиваме фарисејска нишка. Книгата на Свиндол, *Будење на благодатта* (а особено главата наречена „Љубезно несогласување и продолжување“) ми беше од толку голема помош.

Се дистанцирам од одредени луѓе, вклучително и некои познати, и дистрибуирам книги против екстремизмот, како учењето за екстремен просперитет. Сè уште пишувам и зборувам против лажната доктрина и екстремизам, но никогаш не би му кажал на Бог, Живиот Бог, дека Тој треба да држи растојание од оваа или онаа личност. Јас сум слаб, мошне ограничен човек. Тој е Семоќниот Бог на небото и се чини дека прави моќни работи среде парадоксот, сложеноста и мистеријата. Јас го нарекувам „месиологија“, но можете да го опишете како сакате.

3. Третата област за којашто сакам да пишувам е музиката и неверојатниот начин на којшто Бог искористил и користи

секаков вид музика, песни и рефрени за да им помогне на луѓето да се поклонат или да дојдат кај Исус. Ова е уште една сага на сложеност, којашто трае над педесет и пет години. Скоро чудо е што од почетокот јас се залагав за она што стана етикетирано како „современа музика“. Новиот Завет не кажува многу за музиката, а Стариот Завет се чини дека има доста широк опсег на музика и танц. Сѐ уште не можам да верувам колку контроверзии произлегоа од ова и колку буквално десетици илјади цркви низ целиот свет се поделија поради ова. Од една страна, некои велат, дури и пишуваат брошури, дека тапаните се од сатаната (имам примерок). Слушав касети (во старите времиња... ох, драги, јас сѐ уште слушам бидејќи мојот стар автомобил има само касетофон), читав брошури, па дури и цели книги од некои луѓе кои ги почитувам, кои осудуваа голем дел од музиката што јас лично сум видел како Бог ја користи на моќен начин. Ако не развив поинаков поглед за Бог, ова можеше навистина да ме обесхрабри целосно, Неговата љубов и начинот на којшто работи. Тој мора да има одлично чувство за хумор додека гледа како се однесуваат неговите деца.

Ако мислите дека оваа музичка тема е мала работа или веќе не е актуелна, тогаш би рекол дека не знаете што се случува во пошироката црква. Некои дури и ја изгубиле својата вера и се оддалечиле од црквата, а понекогаш и од сопствената вера заради она што го виделе во однос на екстремни изјави и грубост околу прашањето со музиката. На крајот се чини дека новата и современата музика го освои светот... но сѐ уште не е готово. Гласноста претставува нов проблем, и признавам дека носам тапи за уши скоро секаде. Неколку клучни музичари кои паднале во неморал или развод направија уште поголем хаос, како и музичари кои зборуваат силно против други музичари, што не помага во ситуацијата. Некои луѓе се чини дека ја

отпишуваат целата христијанска музичка индустрија со секакви видови приказни за алчност, гордост и неморал. За мене, ова беше ужасна грешка, бидејќи среде неред, Бог правеше навистина голема работа и многумина го запознаваа Господ.

Оние од нас кои многу читаат, особено христијанска периодика, ќе станат изложени на негативни извештаи и христијански хорор приказни. Пазете се да не докажувате поента само со тоа што ќе кажувате негативни приказни, бидејќи тоа никогаш не е целата слика и никогаш не ја дава целосната слика за тоа што Бог може да направи среде хаос и целата наша човечност. Сите ние треба да го запамтиме Римјаните 8:28: „Но знаеме дека сите работи содејствуваат за добро на оние кои Го љубат Бога, кои се повикани по Неговата намера".

Каде е Бог во сето ова? Јас велам во средината – сака, простува, спасува и користи секаков вид на она што Библијата го нарекува „глинени садови" за да ги исполни Своите цели. Опуштете се, сега не мора да ја напуштате црквата со своите традиционални химни, само престанете да ги осудувате оние кои тргнуваат по поинаков пат. Им велам на моите врсници во клубот од шеесеттите и седумдесеттите години: „Што е поважно, да уживаме во музиката или повеќемина од следната генерација да Го запознаваат и Му се поклонуваат на Исус?" Дали воопшто имаме идеја што Бог направи преку цркви како Хилсонг и нивната музика? Помножете го ова со 1.000 и можеби ќе добиете идеја за тоа што прави нашиот Бог низ целиот свет преку секаква музика и луѓе. Набавете си тапи за уши и продолжете натаму!

4. На крај, сакам да пишувам за Божјите луѓе во политиката, десно крило, лево крило, без крила. Во САД моментално, ова

е област на големи контроверзии и поделеност меѓу божјите луѓе и таа се влошува од ден на ден. Едно од моите најсилни верувања е дека Бог може да работи преку поделена црква (зборувајќи за целото Христово тело), бидејќи тоа е сè со коешто некогаш мора да работи. Зошто да не земеш едно од посланијата во Новиот Завет како мерка? Сепак, тоа никогаш не е изговор за недостаток на љубов или некој друг грев. Голем дел од проблемот е поврзан со фактот дека некои веруваат во „теорија на христијанската нација“, а други не. Јас не верувам, но ги сакам оние кои веруваат. Сите нации, во секое време работеа среде огромно зло. Оние кои веруваат дека сето тоа ќе се промени во иднина - се измамени, но јас сепак ги сакам.

Студирав историја пред да се префрлам во Муди библискиот институт во Чикаго, и оттогаш ја проучував историјата. Можеме да научиме многу од историјата. Читањето различни гледишта е тешко, и да се открие што всушност се случило е уште потешко, така што сите студенти по историја треба барем да бидат понизни и можеби малку помалку догматични. Дали христијаните треба да се вклучат во јазик на омраза и да праќаат е-пошта на омраза? Не треба, но ако го сторат тоа, некако нашиот моќен Бог сè уште ги сака и може да ги употреби повеќе отколку што јас би сакал. Затоа, ве молиме, не се обесхрабрувајте од нередот во оваа област или во владата, туку обидете се да се фокусирате на Бог и на она што Тој го прави среде тој хаос. Имаме илјадници години историја за да покажеме што може Бог да направи среде хаос. Можеби треба да одиме и да го видиме неодамнешниот блокбастер филм *Ное* (2014), и да се потсетиме.

Ова не значи дека не веруваме во тоа да се биде сол и светлина и секако, не значи дека христијаните не треба да влегуваат во политика или дека нема простор за патриоти.

Бог работи во рамките на нашата култура и овие работи се важен дел од нашата култура. Колку повеќе вистинските христијански вредности се видливи во општеството, вклучувајќи ја и нашата заедница, толку е подобро. Сепак не можеме да ги наметнеме на другите или да го озакониме. Не смееме да ја мешаме владата со црквата. Премногу се борат со темнината, наместо да ја шират светлината. Тоа е изгубена битка и не вреди да се вложи напор. Да ги добиеме нашите приоритети како што треба. Повеќе од тоа, да почитуваме дека Бог води различни луѓе и различни цркви на различни начини. Зошто да не одиме дополнителна милја во почитувањето на Божјото водство кај другите луѓе? На многу сродни теми, ние никогаш нема да се согласиме, но се надевам дека можеме да се согласиме дека нашиот Бог може да направи големи работи во ситуации, вклучувајќи ги и оние од коишто би избегале.

## ГЛАВА 5

# ЦРКВАТА, МИСИИТЕ И ХОЛИВУД

Во претходните глави се осврнав на неколку области каде работите изгледаат доста комплексни и неуредни. Сигурен сум дека не сакате да читате многу повеќе како овие редови, но дозволете ми накратко да наведам некои други важни работи во оваа глава. Веќе половина век читав и разговарав со луѓето за сите овие области, затоа ве молам имајте малку трпение со мене. Верувам дека нивното разбирање ќе ви помогне да бидете повеќе разбудени од благодат, со големо срце и прошка. Верувам дека ќе имате поголема мудрост и разумност да се справувате со тешки ситуации, особено ако сте водач.

## Црковно управување

Никогаш, како млад христијанин, не можев да верувам колку различни начини има да се води црква и изгледа дека Господ благословува мошне различни методи. Честопати оние кои имаат одреден метод, веруваат во тоа многу силно и ако сте меѓу оние, не барам да се промените, но можеби ќе бидете малку помалку догматични во размислувањето дека вашиот начин на правење на работите е единствениот начин. Ако кажеме нешто како „еден од начините“, би било многу поразумно отколку да речеме: „ова е единствениот начин“.

Сега имаме цркви што се предводени од тимови, и овој концепт понекогаш се нарекува презвитеријански – предводен од стерешини, што се навраќа на Братското движење што

беше толку динамично движење во своето време, а во некои случаи сè уште е такво. Дејл Ротон, кого го запознав на колеџот Меривил и со кого отидов во Мексико на првото патување, стана дел од Братското движење и напиша брошура во којашто објаснува дека ова е начинот според Новиот Завет. Почнав да го разбирам ова уникатно движење, кога за првпат се сретнав на богослужба во Мексико Сити. Вилијам Мекдоналд, кој во тоа време беше претседател на библискиот колеџ Емаус во Чикаго, исто така стана нивен пријател и поддржувач. Неговата книга *Вистинско учење* (2003) имаше големо влијание во нашето движење. Имаше многу фактори што ме водеа да бидам крстен со потопување од Дејл во Бетани капелата во Витон. Како и да е, во таа фаза од мојот живот веќе бев многу многу интерденоминационален, бидејќи Муди библискиот институт ми помогна по тој пат. Потоа се оженив со баптистка, леле!

Дејл и уште неколку други беа испратени од нивната локална црква да соработуваат со ОМ и сметавме дека е одличен одговор на молитва. Тогаш не знаевме дека неколку години подоцна ќе започнам со работата во Велика Британија, каде што се родило Братското движење и сè уште е силно. Историски гледано, голем број наши водачи, вклучувајќи го нашиот прв директор во Велика Британија – Кит Беквит и подоцна Питер Мејден, кој стана помошник директор и мој наследник, беа поврзани со нив. Братското движење имаше многу поделби, вклучувајќи ја и скоро секоја локална црква, но Бог продолжува да работи, и сè уште е релативно здраво глобално движење. Тоа што многумина од нив ме прифатија, дури и да зборувам на нивни големи настани за водачи, беше огромно охрабрување. Некои сега имаат пастори кои се обидуваат да водат, иако сè уште се тимски играчи. Другите се згрозени од идејата, и ова предизвика поголеми поделби. Да бидеме искрени, според мистериозниот начин на којшто работи Бог, разделбите и поделбата се еден од начините на растење на црквата. Тоа не значи дека оправдуваме

грев или лошо однесување. Повторно, концептот за Бог Кој работи среде хаос, нѐ гледа во лице.

Нема простор да се покријат сите различни начини на водство на црквата. На изненадување на многумина од нас, нашата работа во Индија, целосно под водство на Индијци, избра да оди по патот што се чини дека ги комбинира Братското движење, Баптистите, Методистите и Англиканците со харизматичкото движење. Црквите на Добриот пастир се една од најголемите плодови во целата наша историја, но моравме да им дозволиме да го најдат својот пат и менувањето на мојот поглед за тоа како работи нашиот Бог, ми помогна да го разберам тоа повеќе отколку што можам да го изразам. Може да бидете сигурни дека сум обожавател и силен поддржувач на она што се случува, но тоа не значи дека се согласувам со сето тоа, па дури и го разбирам сето тоа. Секогаш кога има голем број што доаѓаат кај Христос одеднаш, тоа не е само хаос туку хипер, мегахаос! Затоа, треба да се молиме за таа голема работа и да ги поддржуваме повеќе од кога и да било, и во други слични дела. Преку овој брз раст научивме дека грешките чинат. Исто така, научивме повеќе за тоа како ѓаволот и неговите помагачи можат да користат озборувања за да се обидат да го уништат делото. Зарем не можеме сите да бидеме позитивни во врска со многуте начини на коишто Бог работи на таков начин на цркви со различни стилови на водство?

## Холивудски и христијански филмови

Како мало дете сакав добри филмови (и некои лоши), и беше голем шок кога како млад верник ми кажа дека филмовите и киното се од ѓаволот! Во Муди морав да потпишам документ дека нема да одам во кино. Бев толку многу за Исус и светската мисија што во извесна смисла не сакав да преземам никаков ризик, и за многу прашања одев според редот. Дури подоцна сфатив дека тоа е легализам и наскоро бев во канџите. Едно е

сигурно, имаме стотици години докази дека Бог може да работи среде легалистичко опкружување, но верувам дека Библијата учи дека има подобар начин. Ова е мошне поврзано со културата и неверојатниот начин на којшто Бог може да се пробие во речиси секоја културна состојба. Кога еден Тексашанец ќе се спаси, тој останува Тексашанец. Ова може да ги нервира нашите христијани од Бостон, но не е голема работа за Живиот Бог. Мноштво недоразбирања меѓу државите, нациите и градовите би можеле да се решат ако бевме повеќе богоцентрични и подобро ги разбиравме Неговите неверојатни патишта.

Нашето движење се одвиваше паралелно со Христијанското филмско движење под водство на луѓе како Кен Андерсон и многу други. Дури и во 1963 година имавме проектори во многу наши камиони додека ја крстаревме Европа, достигнувајќи милиони со Словото Божјо. Оттогаш, ние многу користевме филмови (тогашни видеа, сега ДВД-ија). Наскоро открив дека скоро сите тие филмови беа критикувани, особено од луѓето во филмскиот свет. Секако, повеќето беа нискобуџетни и затоа имаа големи ограничувања. Историјата и небото ќе покажат како милиони го запознале Исус преку овие филмови. Зар тоа не ни покажува дека размислувањето на Бог е многу поразлично од нашето? Копнееме за големи работи и подобри филмови, но во меѓувреме, Бог користи и не толку добри филмови, па дури и такви што ги отфрламе. Зарем не сме поосудувачи и со тесен ум отколку Живиот Бог? Што мислите, кој треба да се смени?

## Црковни згради

Многумина не можат да разберат дека, од една страна пари се даваат за црковни згради, а од друга, луѓе умираат од глад и живеат во сиромаштија ширум светот. Денешните христијански социјални радикали не можат да го разберат класниот систем од деветнаесеттиот век, што опстојува до денес. Родени се цели движења, делумно како реакција на тоа, како што е Армијата на

спасот и методистите. Овие движења и многу други, ја шират својата вера ширум светот, па дури и во денешна Индија и Пакистан, и имаме огромни згради што честопати се врзани за правни спорови, генерално напуштени и изгледаат мошне грдо. Да, внимавајте ако сакате да кажете дека Бог денес не работи меѓу луѓето во некои од овие згради.

Некои од најголемите нови црковни движења, исто така, според мене, сè уште имаат нездрав занес по убави и посебни згради. За мене тоа е проблем, но јас навистина не мислам дека е голема работа за Бог. Се прашувам дали сфаќате што сакам да кажам? Некои луѓе навистина се вознемируваат ако некои од старите згради се продаваат и стануваат џамија, на пример. Јас лично сметам дека Бог е многу повеќе загрижен за луѓето, вклучувајќи ги и муслиманите, отколку за старата зграда. Зошто не ги сакаме нашите муслимански соседи и не ги досегнуваме со Евангелието, што може Бог да го бара од нас. Некои од црквите што се затворени со години, се духовно мртви, со децении оддалечени од вистината на Писмото, па зошто сме толку загрижени? Дури и на места како Велика Британија, имаме илјадници нови цркви и сите видови христијански групи, и сигурно тоа е повеќе за она што е денес во срцето на Бог. Има место за црковни згради и сигурен сум дека секакви видови други згради. Бог води различни луѓе на различни начини, но многу малку ќе бидат погодени од културата на нивните денови, вклучувајќи ја и црковната култура. Честопати сметам дека тоа вознемирува, но за среќа не мислам дека е голем проблем за Бог.

## ГЛАВА 6

# МОРАМЕ ЛИ ДА БИДЕМЕ ТОЛКУ ДОГМАТИЧНИ?

Колку е тешко за нас христијаните, уверени, посветени на Библијата, да се смениме? Но, треба да бидеме подготвени да се промениме ако сме згрешиле. Да, без да направиме некои промени, понекогаш можеме да станеме духовно заглавени и неефикасни, честопати без контакт со помлади луѓе. Без промена е тешко да се пренесе визијата и службата на следната генерација.

Ако сме учеле во конкретна деноминација, теолошки факултет или библиско школо, тоа значително ќе влијае врз нас. Ние, дипломираните студенти можеби чувствуваме дека ја имаме целата наша доктрина зацементирана. Понекогаш мислиме дека имаме одговор на сè, дури и на најтешките прашања од животот и теологијата. Ова според мене е голема грешка. Мора да продолжиме да учиме и да растеме, и тоа често значи да признаеме дека не сме во право. Мора да останеме утврдени во основите на христијанската вера, но за многу теми во коишто има разноразни толкувања, верувам дека е подобро да не бидеме толку догматични. Ако, како што вели Библијата, треба да се сметаме „еден друг за поголем од себеси“ (Фил 2:3), тогаш мислам дека мора да станеме поотворени да ги слушаме другите и да сакаме да се промениме.

Низ годините, запознав многу луѓе кои ми се чини не беа заинтересирани за тоа што сум верник во Исус и спасен по Неговата благодат. Се чини дека повеќе ги интересира дали сум

реформиран, или харизматичен, или армениалист, или баптист... списокот продолжува. Други сакаат да знаат што верувам за крајот на светот или за Евреите или кој превод на Библијата го користам. Не велам дека сето ова е ирелевантно, но дали ова навистина му угодува на Господ? Дали овој менталитет му носи слава на Бог, што секогаш треба да биде она коешто најмногу го сакаме? Дали има надеж за стари момци како мене, кои по скоро 60 години проучување на Библијата, библиски доктрини и теологија, сѐ уште не се сигурни што точно е вистината за некои контроверзни теми, за коишто големи водачи кои ги почитувам и чиишто книги сте ги прочитале, многу не се согласуваат едни со други?

Цел живот се борев со фактот дека многумина кои проучуваат теологија го губат патот и повеќе не веруваат дека Библијата е Слово Божјо. Она што понекогаш се нарекува „либерална теологија", стана доминантна во 1920-тите и 30-тите години на многу семинари и колеџи. Можеме ли да почнеме да го разбираме влијанието на либералната теологија на места како Германија, Швајцарија, Холандија, но и места како Шри Ланка и Индија и секако во САД? Во светло на ова, не треба ли оние од нас, кои веруваат во Библијата, да стојат во единство и да не дозволуваат да се разделат поради толку многу помали теми? Прифаќањето на месиологијата ќе ни помогне да го сториме тоа сигурно.

Ако има повеќе понизност и помалку предогматичност за помали и контроверзни прашања, тогаш ќе има помалку луѓе кои реагираат на тоа и запаѓаат во длабоко неверување. На крајот, луѓето кои се премногу догматични понекогаш целосно ја губат својата вера. Историјата го докажува ова и јас можев да бидам еден од нив. Што барам? Промена на ставот? Да. Повеќе понизност? Да, и поинакво гледиште за тоа што Бог сака од нас и нашите умови. Сигурно повеќе плод на Светиот Дух и помалку нељубезни догматски забелешки. Дали некогаш ќе се соочиме со јасна порака дека без ЉУБОВ СМЕ НИШТО?

Може ли повеќе да ги слушаме и повеќе да ги почитуваме оние кои различно веруваат, особено ако се во основа луѓе кои сè уште веруваат дека Библијата е Слово Божјо?

Неодамна, еден од нашите старомодни, хипердогматични автори и проповедници го осуди целиот пентекостален и харизматичен свет, што е едно од најголемите движења во целата 2.000-годишна историја на црквата. Неверојатно е што уште еден одличен учител/пастор и теолог напиша книга којашто се спротивставува на првата. Јас сум и за двајцата. Верувам дека втората книга е поблизу до вистината и срцето на Бог. Насловена *Светиот оган* (2014) од Р. Т. Кендал.

Отсекогаш пишував против крајностите, и исто како и многу пентекосталци како Ли Грејди од списанието Харизма, а овој дел од Телото на Христос се чини ранлив, најблаго кажано. Но, според мене, тие се едно од највeрните движења (со неверојатна разновидност на деноминации и цркви), кои веруваат дека Библијата е Божјо Слово и со тоа верно го проповедаат Евангелието. Тоа е причината зошто десетици МИЛИОНИ дојдоа кај Исус преку нивните напори и како одговор на молитва.

Да, тие често додаваат други учења, и за некои сметам дека не се во право. Но, чувствувам дека ова важи за повеќето цркви и движења во историјата. Сигурно дека Бог, во Неговата милост, сè уште спасува ЛУЃЕ среде сето тоа и мислам дека спасението на луѓето е она што навистина лежи на срцето на Бог. Со цел да ги придвижиме другите наши учења, а пентекосталците се мошне добри во тоа, ние ја потценуваме големата важност на спасението. Сметам дека е борба кога моите пријатели пентекосталци и харизматици се напаѓани. Тие честопати запаѓаат во премногу догматичност за работи што не се толку јасни во Библијата и за коишто не се согласуваа големи мажи и жени со вера низ вековите.

Една група честопати ја напаѓа другата, раскажувајќи хорор приказни за славни луѓе (особено ТВ познати личности) кои

паднале и згрешиле на големо. Со години чувствував дека навистина не можете да ги докажувате работите со христијански хорор приказни, иако тие мора да бидат во равенката. Бог ни заповеда да размислуваме повеќе за – „што е чесно, што е праведно?“ и сл. (Фил 4:8). Водечкото конзервативно мисиско општество има работници кои се осудени и затворени за педофилија, што ни го крши срцето, но тоа не докажува ништо за мисијата и за остатокот од луѓето. Утрово проучував за Давид, Саул и Соломон. Ако ја прочитате брилијантната книга на Гордон Мекдоналд – *Обнови го твојот скршен свет*, ќе видите дека повеќемина светци на Стариот Завет имаат тоа што го нарекува „скршени световни искуства“. Да, има многу области каде што треба да бидеме силни и утврдени (некои го сакаат зборот догматски), но секогаш да останеме понизни и поучливи и подготвени да се менуваме и да станеме ПОВЕЌЕ КАКО ХРИСТОС.

Дали се грижиме само за луѓето кои се дел од нашата работа или навистина се грижиме за луѓето заради револуционерното дело на БЛАГОДАТТА во нашите срца? Ова ме води до друго прашање: Дали се грижиме главно за луѓето кога се дел од нашата организација, така што откако ќе заминат по неколку години, тешко се сеќаваме на нивното име или дали се обврзуваме да ги сакаме и да се грижиме за нив без разлика каде и да одат? Моето истражување покажува дека многу луѓе по напуштањето на службата или организацијата наскоро се чувствуваат заборавени. О, како ѓаволот знае да го искористи тоа. Тој се обидува да ги натера да веруваат дека организацијата ги искористила. Повеќемина луѓе велат дека немаат време да контактираат со толку многу луѓе, но кога ќе видиме на што го трошат времето, тоа вознемирува. За нас е тешко да се соочиме во реалноста со сопствената самоцентричност и недостаток на вистинска динамична, простувачка и практична љубов. Ова го пишувам и за себе, бидејќи и јас не успевам и учам.

**ГЛАВА 7**

# РОМАНСА, БРАК, ПАРИ И МНОГУ МИЛОСТ

Мислам дека до тринаесетгодишна возраст, романсата стана најголема работа во мојот живот, којашто можеше да се споредува само со спортот и заработувањето пари. Првата девојка со која излегов стана моја девојка. Мислам дека по часовите за танцување отидовме да го видиме *Кво Вадис* (1951) и само вечноста ќе каже какво влијание имаше тој филм врз мојот млад живот. Во исто време, драгата г-ѓа Клап, која живееше спроти средното училиште во коешто учев, го стави моето име на „Список на луѓе кои треба да ги погоди Светиот Дух“, молејќи се не само да станам христијанин туку и мисионер. Леле, таа дури и не разговараше со мене за тоа! Јас всушност, имав други планови за мојот живот. Веќе бев во бизнис и размислував да изберам таква кариера.

Прекрасната девојка по име Лин имаше добро влијание во мојот живот. Таа одеше во баптистичка црква, а јас немав идеја што е тоа. Се сеќавам дека ми ја покажуваше крстилницата што ми се чинеше чудно. Се запознав со нејзините родители кои многу ги ценев и тие беа добро влијание во мојот живот. Со Лин танцувавме и понекогаш се бакнувавме, но не отидовме подалеку од тоа, и сега кога гледам наназад, благодарен сум за тоа. Откако раскинавме, имаше многу други девојки во кои се заљубив и за жал, во тоа време, на еден мек начин, навлегов во светот на т.н. меко порно и похота. Во тоа време, Евангелието по Јован, испратено од г-ѓа Клап и нејзиниот син Дани, ми

влегоа во животот. Во мојата полулиберална реформирана црква имав побожен учител во неделното училиште, кој скоро да стана Јеховин сведок, но преку радиослужбата на д-р Дехан, стана верник, и како резултат на тоа имаше влијание врз мене. По моето преобраќање, тој, Фред Гнад, стана мој доживотен пријател. Особено се сеќавам на неговата помлада сестра Ширли, моја сосетка од детството, од авенијата Ван Хаутен, Виккоф, Њу Џерси. Таа беше првата девојка која некогаш ја бакнав – претпоставувам дека имавме шест години.

Исус Христос, Медисон Сквер Гарден, Били Греам и 3 март 1955 година ја направија разликата. Таа ноќ наново се родив и сè почна да се менува. Може да прочитате нешто од тие рани денови во официјалната историја на ОМ, *Духовна револуција* (2008) од Ијан Рандел. Бев нов во Божјото семејство и наскоро требаше да откријам колку се поразлични и колку правила има. Се чинеше дека веќе не ми беше дозволено да се бакнувам или танцувам, но не најдов стихови за тоа, и така продолжив да ги правам и двете.

На 17 години имав сопствен автомобил (Хенри Ј., што навистина ме правеше посакуван!), бев матурант, кога се зацапав во една девојка, Марго, која беше многу помлада и одеше во епископална црква. Бог ме туркаше долго време кога бев во Словото и почнав да евангелизирам во средното училиште, каде што бев избран за претседател на ученичкиот совет. Не ме пуштаа во Националното друштво за честа заради глупостите што ги правев и изигрував кловн, но во последната година, мојот живот беше толку променет, што на крајот бев прифатен во тоа друштво, што тогаш беше голема работа во нашата култура. Во тоа време, направив навистина глупава работа. Паркиран крај патот, во грмушки, почнавме да се гушкаме со Марго и почнавме да одиме подалеку. Еден полицаец чукна на прозорецот и не се сеќавам што рече. Во паника, тргнав во рикверц и паднав во ров, и не можев да го извадам автомобилот.

Тоа беше најлошата ноќ во моите тинејџерски години, бидејќи нејзиниот татко мораше да дојде да нè спаси и, поради можеби неколку пијалаци, ме обвини за работи што не ги правевме и наскоро врската заврши. Секогаш се чувствував лошо поради ова, бидејќи знам дека ја повредив оваа млада девојка и наскоро го изгубив контактот со неа.

Уште еден сличен инцидент на црковниот паркинг стави крај на дивата романса во мојот живот – сигурен сум дека тоа е затоа што луѓето се молеа. Одлучив веднаш да престанам со тоа, без одење и без бакнување (само перницата, малку); ова траеше скоро две години. Следната девојка со која се запознав беше Дрена, која стана моја сопруга.

Одбрав да одам на колеџот Меривил, делумно затоа што тие танцуваа секој ден по ручек. Никогаш не танцував таму и никогаш не одев со некоја таму. Токму таму се случи голем дел од раниот растеж во мојот христијански живот. Како што некои луѓе би рекле, бев запален за Исус. Секој момент кога не учев, евангелизирав или се молев, го читав Словото или одев на христијански средби. На неверојатен начин, еден баптистички пастор во една црква, ми дозволи да проповедам. Потоа, вратата се отвори за служба во затворот Блунт Каунти, којшто, кога имав само 18 години, ја отвори вратата за да го споделам Словото во државниот затвор Нешвил.

Во мојот живот прочитав одлични книги како *Страста за душите* (1986) од Освалд Смит и *Преку портите на раскошот* (2005) од Елизабет Елиот и многу други. Многу ми влијаеја дописните курсеви за тоа како да доведувам луѓе кон Христос. Кога истиот баптистички пастор ме одведе на првата конференција за мисии во Чатанога, во библискиот колеџ по име Тенеси Темпл, никогаш повеќе не бев ист. Дури и пред моето преобраќање поради Евангелието на Јован и Лига на џебни Нови Завети што ги објавија и дистрибуираа, сакав да видам дека сите, насекаде, ја имаат таа одлична книга. Како „бебе“

христијанин, добив ветување од околу 1.000 од моите соученици од средно училиште дека ќе ја прочитаат. Како што дознавав за нации кои се недосегнати, визијата за нивното досегнување, особено за муслиманите, почна да расте во моето срце и ум. Кога почнав да сфаќам дека итно е потребно финансирање, почнав да продавам сè што можам, и да давам пари на мисиите во светот. Најдов работа како келнер во ресторанот на колеџот, за да можам да дадам повеќе.

Во тој период, за првпат отидовме во Мексико, летото 1957 година. Наскоро почнав да зборувам по малку шпански, и влијанието на она што го видов и други фактори ме натераа да сакам да го напуштам колеџот Меривил и да одам во Муди библиски институт во Чикаго. Особено сакав да живеам и евангелизирам во Големиот град. Го искусив тоа кога, во близина на мојот дом, дистрибуирав илјадници трактати во метрото во Њујорк, а потоа, пред да заминеме во Мексико, се вклучив во познатата кампања на Били Греам. Таму дури проповедав и на улица.

Пристигнувањето на место какво што е библискиот институт Муди беше голем шок, особено кога видов многу привлечни девојки. Бев занесен по неколку уште првата недела, но продолжив да се држам до ветувањето за прекин со романси. Гледајќи наназад, се прашувам дали, ако пробав да бакнам една, ќе ме удреа по глава со голема Библија! Се разбира, Муди има правилник и се чинеше дека има строги правила за сè.

Мојата страст за евангелизација ме натера да земам еден филм од канцеларијата на Муди на 7-ми или 8-ми кат, не знаејќи дека ова ќе биде денот што ќе ми го смени животот. Дрена седеше на биро во канцеларијата. Кога ја видов, се зацапав и почнав брзо да се движам кон целта. За мене, тоа беше љубов на прв поглед, но штом реков нешто прилично глупаво, за неа беше уплав на прв поглед! Ништо не се случи, но таа се согласи да излеземе. Тогаш ѝ реков: „Па, ништо нема да се

случи меѓу нас, но ако нешто се случи, како на пример брак, треба да разбереш дека ќе бидам мисионер и веројатно ќе бидеш изедена од канибали во Нова Гвинеја“. Како се согласи на крајот да се омажи за мене е долга приказна, вклучувајќи го и тешкото лето заедно во Мексико Сити, кога ја оставив таму, а јас се вратив на Муди. Тогаш мојот најдобар мексикански пријател се вљубува во неа и ме повика да ме праша дали е во ред. Леле, ова ме доведе до сериозен пост и молитва. По телефонскиот повик, Дрена веднаш тргна на долго патување со автобус кон Чикаго.

Во сето ова, јас бев длабоко убеден за мојот недостаток на практична љубов и чувствителност. Дрена се откриваше себеси и нејзините длабоки емотивни потреби. Нашата веридба можеше да се расипе ако не беше длабокото искуство што таа го имаше со Исус во тишината на сопствената просторија, бидејќи разбра нешто за седоволноста на Исус. Ова доведе до исцелување на некои физички симптоми што ја мачеле долго време.

Никогаш нема да го заборавиме тој голем ден, 31 јануари 1960 година, кога се венчавме. Немавме ништо фенси, имајте на ум дека очувот на Дрена, Хенри не беше христијанин. Приказната за неговото преобраќање кон Исус многу години подоцна е нешто за што секогаш ќе му благодариме на Бог. Правевме свадба веднаш по службата во недела наутро на баптистичката црква Лејк Драјв. Немаа своја зграда, па ова беше во училишна сала. Волтер Борхард беше кумот. Од Чикаго дојде автобус со нашите пријатели, главно студенти од Муди. Дејл проповедаше моќна порака на свадбата, споменувајќи дека најдобро што може да направат за нас, е да се молат затоа што најверојатно ќе ги продадеме сите подароци и ќе донираме за светските мисии. Посакувам да не ја изгубевме таа стара лента со проповед.

Додека гледаме station наназад на педесет и пет години брак, што да споделиме што може да ви помогне вам кои го читате ова? Околу 1970 година, требаше да напишам книга за бракот и

решив насловот да биде „Револуционерниот брак", па дури и имав содржина. Вистината е дека требаше да научам повеќе како сопствениот брак да успее, отколку да пишувам за тоа. Еве неколку лекции што ги научив по пат:

1. Нашиот брак се заснова на Библијата. Ова е практична основа на нашиот брак, секогаш сакајќи Христос да биде во центарот на сè. Живеењето на подот во задниот дел на нашата продавница за книги во Мексико Сити, кога бевме тазе венчани, донесе некои предизвици и требаше брзо да научам дека бракот е навистина Божја докторска програма за осветување. Ја прочитавме „Преродба во домот", едно од поглавјата од *Патот кон Голгота* на Рој Хешон и научивме повеќе за скршеноста, смирноста и распнатиот живот, исполнет со Дух. Во текот на сите овие години, повторно знаев дека ја имав вистинската личност за да биде мој животен партнер, и според Неговата благодат, ние сме биле тотално верни едни на други, нешто на коешто сега се чини дека многумина се смеат. Во Библијата не видовме друга алтернатива. Мислата за загубеноста на луѓето и потребата да се достигнат, влијае врз нас секојдневно.

2. Идејата за Револуција на љубовта, за којашто пишуваме и проповедаме и се обидуваме да ја практикуваме со 1 Коринќаните 13 и други библиски стихови како основа, беше еден од најважните аспекти на нашиот брак. Особено бев насочен кон екстремизам и нечувствителност, и Бог мораше да го сруши тоа и да се справи со мене. Нетрпеливоста ми е проблем целиот мој живот. Мојата омраза кон гревот и секаква гордост, ми помогна да се смирам и брзо да се покајам. Чудото на благодатта што ме ослободи од гневот во првите денови на моето чекорење со Бог беше главниот фактор во нашето одење заедно, како и во моето водство на

ОМ. Сè уште имаше повремени неуспеси коишто мораше брзо да се покаат, но до ден денес жалам за времињата кога ја повредував сопругата, а подоцна и сопствените деца со излив на гнев или неискрен збор. Доаѓањето во Англија од Шпанија каде што се роди Бенџамин, нашиот прв син, беше голем чекор за нас. Во тоа време, читајќи го важното дело од Били Греам – *Слобода од седумте смртни гревови* (1963), ме понизи и многу му благодарам на Господ за оваа книга. Како што споменав и претходно, цело време читав транскрипти на неговите радиопроповеди како млад христијанин. Други книги од него, како *Мир со Бог* и *Тајната на среќата* (2002) беа клучеви во поставувањето на темелите во мојот живот.

3. Нашата желба да ги досегнеме луѓето со Божјото Слово и локално и низ целиот свет, во комбинација со започнување едно сосема ново мисионерско движење, секогаш носи финансиски притисок и предизвици што ме доведоа во екстремизам, што се чинеше дека Бог го користи, но изгледа збуни некои луѓе, вклучувајќи ја и мојата сопруга. Го нагласував Лука 14:33 „Така и ниеден од вас, кој нема да се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик". Овој предизвик веќе нè натера да го продадеме поголемиот дел од имотот. Другите нè следеа во тоа, но понекогаш тоа доведе да ги осудуваме оние кои изгледаше дека трошат пари залудно. Ни требаше балансот што го дава Филипјаните 4:19. Почнавме да учиме повеќе за тајната на тоа како работите што изгледаат толку добро можат да имаат темна страна. Сивото започна да навлегува во нашиот дотогаш црно-бел свет, и оттогаш е во пораст. Можеш ли да претпоставиш зошто последните стихови од Римјаните 11 беа толку важни за нас?

> *О, длабочино на богатство, мудрост и знаење Божјо! Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта! Зашто, кој ја познал мислата на Господ? Или, кој Му бил советник? Или, кој однапред Му дал нешто за да му биде отплатено? Зашто, сè е од Него, според Него и за Него. Нему слава во вечни векови. Амин!*

4. Најголемата тајна додека созреавме во бракот беше да видиме многу неодговорени молитви, дури и во области за коишто е тешко да се зборува. Почнавме да се бориме со големи напади на обесхрабрување, честопати поврзани со разочарување. Годините со три деца, кога живеевме во Индија, и годините во Катманду, Непал и потоа на Логос, ни дадоа бескрајни можности да учиме и да растеме заедно. Чувствував помош и афирмација од Дрена низ сето тоа и мошне малку се сеќавам на поплаки, дури и во жештината на битката.

5. Депресијата некако влезе во животот на Дрена кон средината на 1970-тите, што нè изненади сите. Една жена ме соочи со тоа дека веројатно јас сум дел од проблемот. Бог ме скрши и ми покажа промени што требаше да се случат во мојот живот и во начинот на којшто се однесував како сопруг и татко. По една година, Дрена излезе од овој мрачен период и никогаш не се врати. Тажни сме од едноставните одговори што некои христијани, па дури и книги, им ги даваат на овие комплексни болести и според мое мислење, екстремното учење за заздравување (верувам дека Бог лекува), им наштетило на повеќе луѓе и на Христовото тело како целина, отколку што некогаш ќе дознаеме. Една црква во САД отиде до екстремот, „без никакви лекари“ и

тие имаа свои гробишта, и за дваесет и пет години имаше над седумдесет погребани таму, главно деца.

6. Справувањето со критиките е важен дел од водството и понекогаш ми беше тешко и чувствував лична навреда. Никогаш не сум слушнал многу критики за нашиот брак или за мојата сопруга, но тешко ни беше да се справиме со она што го слушавме, честопати од втора рака. Голем дел од водството и вашето чекорење со Бог ќе бидат тестирани во суштината кога ќе се критикува вашиот брак. Во милоста Божја, сигурен сум дека никогаш не слушаме некои од најлошите озборувања и критики, особено ако сте на брзата лента, обидувајќи се да го евангелизирате целиот свет. Бев мошне благословен што секогаш имав лојални луѓе како Дејл Ротон и Питер Мејден и други кои ги познавам, кои често застануваа во моја одбрана. Многу е потешко за водачите кои немаат такви верни пријатели и соработници.

7. Кога гледам наназад, сфаќам дека научив многу од моите критичари и од блиските пријатели кои беа искрени со мене, за нешто што го видоа во мојот живот и во службата што требаше да се промени. Бог ни покажа од Словото и христијанските книги дека не може да се направи ништо без критика. Секогаш се обидувавме да ги сакаме нашите критичари и да побараме благослов од Бог за нив. Никогаш не сме биле изненадени од моќта на озборување. Вистината е дека ние бевме/сме среќни и исполнети поголемиот дел од времето, дури и во овие уникатни години кога многу работи се менуваат, особено во областа на здравјето. Имаме среќа што имаме толку многу луѓе кои се молат за нас, а некои од вас кои го читаат ова, се во таа категорија. Ви благодариме со сето срце и се надеваме дека ќе продолжите да се молите.

> Се прашувам зошто неговата сопруга се облекува толку модерно и што прави со своето време?
> Сали е толку дебела, а Лили многу зборува. Сем продолжува да заборава да користи дезодоранс.
> Го забележавте ли новиот скап автомобил што го купи пасторот?
> Пред некој ден видов еден од старешините во еден паб. Пиеше црвено вино во чашата за причест. Го видов синот на пасторот како пие пиво.

Во минатото, се сеќавам, христијаните се вознемируваа поради тоа што жените носат кармин или мажите имаат долга коса. Списокот може да се продолжи. Кога размислуваме и се однесуваме на овој начин, како тоа придонесува како вечна вредност? Зарем не ја разбираме важноста на нашата диспозиција и став? Уште еднаш, би ги повикал луѓето да ја прочитаат книгата на Чарлс Свиндол – *Будење на благодатта*, којашто сега е достапна на многу јазици. Читам нова книга за благодатта, наречена *Фарисектомија: Како радосно да ги отстраните своите внатрешни фарисеи и други религиозно преносливи болести* (2012) од Питер Хас, и можете да замислите за што станува збор. Треба да запомниме дека Бог не е само загрижен за тоа што го правиме и зборуваме, туку и што мислиме. Ставот е главен дел од нашето чекорење со Исус.

Скоро во секоја ситуација и кај секоја личност има позитивни и добри работи и треба да се фокусираме на тоа многу повеќе

отколку на негативните. Треба да се потсетиме на стиховите „Не судете, за да не бидете судени; зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери“ (Мат 7:1-2).

Исто така, што е со ова големо правило: „Значи, сè она што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие“; (Мат 7:12). Да, знам дека се вративме на пораката во мојата книга *Револуцијата на љубовта* и се надевам дека ќе ја прифатите со сето свое срце и со постапки. Толку е нагласено во Библијата. Како можеме да го пропуштиме? Прочитајте 1 Солуњаните 5:16 и научете да се „радувате секогаш“.

Кога станува збор за позитивни, тешко е да ги победиме Филипјаните 4:8:

> *Понатаму, браќа мои, на она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете!*

Еден пријател од областа на образованието ми објасни што е „блокатор“, бидејќи тоа ми беше нов збор. Тоа е личност која мисли дека сè е добро, особено со својата работа и настава и ги блокира сите други напори за промени. Ако сакаме да растеме и да бидеме луѓе какви Бог сака да бидеме, мора да продолжиме да учиме и да продолжиме да се менуваме.

Жалењето и критикувањето на сопругата или сопругот честопати е пат до нарушена врска. Јас, по Божја благодат, ретко ја критикував сопругата во јавност и не толку многу приватно, но морав да се покајам за индиректни изјави, а понекогаш и за хуморот што може да има погрешна идеја за мојата сопруга на оние кои ја слушнале или прочитале. Се сеќавам еднаш на една порака со којашто оддадов голема почит на мојата сопруга

во повеќе од неколку реченици, а потоа ме критикуваа и за тоа! Дали откривте дека понекогаш животот е полн со ситуации без победи? Леле, мојата негативна нишка повторно излезе на виделина. О, Господ нека нè помилува сите нас.

# ГЛАВА 13

# ОБЈАВУВАЊЕТО НА ЕВАНГЕЛИЕТО СО СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И АКЦИЈА

Може ли најголемата промена во животот и теологијата да дојде на шеесет години? Да, и тоа ми се случи мене, како и на движењето што помогнав да започне, Операција мобилизација. Има само една глава за ова во *Чешма што капе* за дванаесетте години откако се случија големите промени.

Треба да се вратиме на Џон Стот, Били Греам и Светскиот конгрес за евангелизација од 1974 година во Лозана, Швајцарија, каде што се состанаа неколку илјади христијански водачи кои го претставуваат светот. Имав мал семинар на тема „Евангелизирање со литература“ и мислам дека пропуштив некои клучни пораки. Се водеше голема дебата за тоа како Социјалното дејствување и објавувањето се вклопуваат заедно, и на крајот славниот Документ од Лозана изјави дека мора да се вклопат. Многу написи и книги излегоа за и против таа одлука, но овој конгрес, плус книгите и движењата на многу други луѓе го сменија текот на историјата. Имајте на ум дека некои цркви и мисионери веќе стигнаа далеку, комбинирајќи ги двата аспекти на службата. Погледнете го генералот Бут и армијата на спасот. Се разбира, има неколку лекции што треба да се научат од тоа, и не се сите позитивни.

Многу години пред ова, Операцијата милост започна под раководство на Бертил Енгквист, главен водач на ОМ од Шведска.

Се сеќавам дека дадов согласност за ова, особено со надеж дека поголемиот дел од финансирањето ќе излезе од Шведска.

Авганистан беше една од клучните земји во нашата визија уште од самиот почеток, и ваквата служба беше единствениот начин да се функционира во таа земја и меѓу бегалците преку границата во Пакистан, каде што Гордон Магни (основач на нашата работа таму и сега погребан во Кабул) продолжил со својата сопруга Грејс. Тие имаа неверојатна служба во грижата за сите видови физички потреби и во исто време се обидоа да го донесат Евангелието. Тоа не е лесна задача.

Џозеф Д 'Суза, кој беше водач на работата во Индија, беше еден од оние кои ја диктираат брзината на целото движење да донесе огромна промена. Работата на добриот овчар со клиниките и училиштата во сиромашните квартови беше историска во нашето движење, и сега има над 110 многу поголеми училишта низ целата држава, особено за децата на Далит, на кои толку често не им е дозволено да имаат соодветно образование. Како што споменав и претходно, над 250 милиони во Индија се сметаат за недопирливи. Денес тие често се нарекуваат Далит. Многумина веруваат дека тоа е форма на ропство. Не зборуваме за луѓе од ниска каста (стотици милиони и повеќе), туку за изгонетите. Нашата грижа за овие луѓе помогна да се промени текот на нашата историја. Ова не треба да биде она што се нарекува најголема демократија во светот, туку тоа е божјиот мистериозен начин на работа во една од најхаотичните ситуации во светот; стотици илјади од овие луѓе доаѓаат кај Исус.

Напишав статија што сакам да ја споделам овде:

## Што ќе кажат нашите внуци?

Две или три генерации по укинување на ропството, внуците на оние кои веруваа, практикуваа или беа вклучени, се прашуваа како можеа да бидат толку слепи и глупави. (Изберете свои зборови.)

За време на една прошетка, ја слушав книгата на Филип Јанси – *Што е толку неверојатно за благодатта*, особено делот за сегрегацијата. Сега се прашуваме како таа генерација можеше да биде толку слепа, расистичка (дури и да исповеда христијанство) и честопати да мрази. За нас, се чини нереално.

Новата генерација во Јужна Африка е воодушевена од она што нивните родители верувале и го практикувале (фала на Исус за секој исклучок) во тие денови познати како Апартхејд. Кога гледаат филмови или ја читаат историјата, тешко е да веруваат и честопати чувствуваат срам. Се разбира, имаше такви кои ги бранеа и сè уште ги бранат ропството и сегрегацијата. Всушност, во делови на Европа има воскресение на овој вид екстремизам и расизам. Всушност, неонацистичкото движење е доста живо, особено во САД. Еве го моето големо прашање до сите кои го прочитаа ова: Кои работи ги имаме толку погрешено денес што идните генерации ќе се чудат на нашето слепило, предрасуди, мрзливост и глупост? Сега има прст вперен во мене.

Верувам дека е тоа „непопустливоста" што создаде група луѓе кои живеат во форма на ропство и Апартхејд со хиперсегрегација. Ова влијае на секојдневниот живот на над 200 милиони луѓе, главно во Индија, но и во други земји.

Каде стоите по ова прашање? Што правиме јас и ти за тоа? Ги читам трудовите и ги следам новостите и можев од сеќавање да наведам список на сто познати и извонредни луѓе од секој аспект на општеството (каде ти спаѓаш?) И едвај некој од нив прави нешто за овој глобален проблем и неправда! Нека прашаат што ќе кажат нивните деца и внуци за нив во иднина. Дозволете ни сите да ги испитуваме нашите срца.

Живеев во Индија и ми недостига, но му благодарам на Бог за оние кои ми помогнаа да се разбудам, така што една од најголемите цели во мојот живот е да видам дека ова е променето.

Следниот чекор за некои од вас може да биде да ја прочитате книгата на Џозеф Д. Суза, *Слобода за Далитите: Сега и засекогаш* (2005). Ние сме подготвени да ја испратиме книгата како подарок на секој кој ќе ми ја прати адресата. Мојата е-пошта е *george.verwer@om.org*. Ве молам, испратете ни ја вашата поштенска адреса.

Ученик кој сè уште учи за правдата и благодатта и да му служи на живиот Бог,

Џорџ Вервер

Во 1998 година, на нашата годишна конференција на главните водачи во Јужна Африка, објавив дека верувам дека за пет години треба да излезам од Меѓународното водство на ОМ. Тоа се случи во летото 2003 година и Питер Мејден, избран од Движењето (прилично долг процес, со некои удари), го презеде раководството за следните десет години. Сега тоа е Лоренс Тонг, со седиште во Сингапур, од каде што е тој.

Додека бев на пат за излез од раководството, некои мислат: ВЕРВЕР, ГОСПОДИНОТ ОБЈАВУВАЧ НА ЕВАНГЕЛИЕТО, НЕМА НИКОГАШ ДА СЕ ПРОМЕНИ. Тие го добија изненадувањето на животот кога Бог ме поттикна да ја прифатам оваа теологија на службата. Ја видов јасно во Библијата и во историјата. Ова го смени начинот на којшто размислувам, зборувам и живеам. Особено се смени начинот на којшто ги користам моето време и пари. Стотици пати сум проповедал пораки слични како главата во *Чешма што капе*.

Со нашата служба за специјални проекти, којашто Питер Мејден и водачите на ОМ сметаа дека треба да ја задржам и да ја водам како дел од ОМ, започнавме да се вклучуваме во

повеќе проекти, поврзани со сите видови социјални проблеми низ целиот свет – од СИДА до глобалниот проблем со нечиста вода и секоја можна борба поврзана со сиромаштијата. Кога тргнав по патот на поголемата грижа за човековите права, сфатив дека тоа мора да ги вклучува правата на неродените. Поврзани со Патрик Диксон, дистрибуиравме неколку стотици илјади примероци од неговата книга *Акција за СИДА* (2010) на многу јазици. Со Ренди Алкорн, исто така почнавме да дистрибуираме десетици илјади *Зошто право на живот? Грижејќи се за нероденитe и нивните мајки* (2012, на македонски 2013) на многу јазици. На некои јазици, тоа беше првата христијанска книга на таа тема што некогаш била испечатена. Бог ги отвори вратите за споделување на оваа порака, дури и на телевизија и радио, низ целиот свет и преку мојата интернет-страница *www.georgeverwer.com* и други страници; пораката излезе далеку и широко.

Нема доволно простор во оваа книга да ги разгледаме деталите за предизвиците и промените со коишто се соочивме сите во движењето, кога се случи ова. Не беше лесен брак, но секако бракот никогаш не е. Некои сметаа дека основната евангелизација се турка настрана и дека проектите за социјална акција и помошните проекти целосно доминираат во движењето.

Се водеа дебати и беа напишани трудови. Целата работа се чинеше дека станува покомплексна и неуредна. Притисокот да се соберат средства за сите видови потреби и кризи се чинеше дека не беше во границите. Гледајќи назад, обезбедувањето средства за толку голема служба како одговор на молитвата, постојано ме воодушевува. Не сум сигурен дека некој знае колку е поголем годишниот буџет сега во споредба со она што некои го нарекуваат „стари денови“. Повеќекратно се зголеми. Чувствувам дека сè уште имаме добра рамнотежа со секој вид евангелизација. Ова сепак вклучува досегнување милиони со Евангелието, коешто сè уште е во срцето на движењето и секако и во моето. Книгите и аудиовизуелите што излегуваат од ОМ го покажуваат јасно

тоа. На пример, во случајот со мојата служба на Специјални проекти, зборувам за сите овие работи, но бидејќи мојата е релативно мала сума пари во однос на вкупниот приход на ОМ, сметам дека повеќето од нив треба да се користат за аспектите на евангелизирање и започнување нови цркви.

Особено сум охрабрен од службата на бродовите и начинот на којшто пристапот до луѓето со евангелие е сè уште врвен приоритет, особено користејќи литература. Над 40 милиони, всушност излегоа, а десетици милиони повеќе се досегнати во крајбрежјето и во црковната служба.

Што ме придвижи во оваа насока? Како прво, тоа беше подлабоко проучување на Писмото, и Стариот и Новиот Завет. Сфатив дека секогаш верував до одреден степен, но чувствував дека другите групи како Теарфанд, Ворлд релиф и Ворлд вижн треба да ја преземат таа страна на нештата. Божјите луѓе како Џон Стот, на чијшто стол седам овде, во неговата специјална куќа за повлекување во Хукс, и другите со сличен ум имаа огромно влијание. Дури и некои со кои не се согласив, ме натераа да го испитам срцето и да бидам подготвен за радикални промени.

Да, ОМ стана покомплициран, а некои не го сакаа тоа и нè напуштија, но други водачи се подигнати, особено од помладата генерација, да ја продолжат работата. Една од најпознатите охрабрувачки работи во движењето е армијата на помладите водачи (од близу стотина националности), кои Бог ги воспита за да го носи видот и работата напред.

Нашите животи, Дрена, јас и нашиот мал персонал, исто така станаа посложени. Се чини дека имаме помалку време од порано да правиме работи, како да гледаме филм во авион. Јас имам свој лаптоп со стотици е-пошти, и им давам приоритет. Откривме цела низа различни мини и пречки додека се движиме по овој пат, но, на крајот сме препуштени на Бог како што сме биле и секогаш. Видовме неверојатни одговори на молитвата и благодарение на некои одлични книги, научивме повеќе за

тоа како да се справуваме со неодговорена молитва. Пит Григ, основач на движењето Молитва 24/7, напиша книга наречена *Бог на „без глас“* (2007); неговата предна корица навистина ми се допаѓа, како и *Разочараноста од Бог* на Филип Јанси (2009), *Кога небото е тивко* на Рон Дан (1994).

## ГЛАВА 14

# ТОВАРОТ И ВИЗИЈАТА ШТО НИКОГАШ НЕ СЕ ПРОМЕНИЈА

Уште од пред моето преобраќање, имав љубов кон Библијата. Но, откако го добив Евангелието на Јован по пошта, во летото 1953 година, заедно со слушањето на пораката на Били Греам, на 3 март 1955 година, целосно го сменија текот на мојот живот.

Пред ова, неколку пати присуствував во Библискиот клуб во средното училиште Ремзи, што може да биде и причината зошто ми испратија копија од Евангелието на Јован, заедно со писмото на следната страница...

Камп Слово на животот
Шрун лејк, Њујорк
Јули I5, I953

Драг члену на Библискиот клуб

Летото веќе започна и се надевам дека навистина уживате. Без разлика дали работите или се одморате, и мислам дека сепак имате некое слободно време. Како претседател на Библискиот клуб, отсекогаш посакував секој член да чита барем дел од Библијата. Во текот на училишната година, вашето време е преокупирано со училишни работи, а сега кога имате малку време, сакам да ве поканам да прочитате дел од Словото Божјо што ви го праќаме во прилог, Евангелието по Јован.

Има неколку причини коишто накратко ќе ги изложам тука, поради што сакам да го прочитате. Најпрво, самата Библија вели: „да ги истражувате писмата“ Јован 5:39. Ова е една од Божјите заповеди што треба да ги почитувме. Има многу интересни стории во Библијата за чуда и возбудливи искуства што се сите вистинити, како што кажува во Јован I7:I7 – „Твоето Слово е вистина“. Исто, Библијата е извор на радост и благослови на мнозина, вклучително и на мене. Само во оваа книга ги наоѓаме Божјите упатства за нас и нашите животи.

Времето поминато во читање на оваа кратка книга ќе биде мошне вредно и инспиративно. Во овој краток дел се вклучени најголем дел од основните библиски вистини, и начинот како да се најде вистинската радост, мир и успех.

Ова лето ќе биде вредно само ако направиш вредни работи. Читањето на овој краток дел од Божјото Слово ќе биде мошне исполнувачки и се молам тоа да биде извор на радост и благослови. Ако имате прашање или некој проблем за којшто можам да помогнам, ве молам кажете ми. Ќе ми биде задоволство да ви помогнам.

Бог да ве благослови на Неговиот пат.

Искрено ваш,
Даниел Клап

Дури и пред да го добијам ова писмо, се приклучив на Лигата на џебни Нови завети и носев Нов завет во џебот. Видов една од нивните презентации што го покажаа нивното проповедање на Евангелието и дистрибуцијата на Евангелието

по Јован. Така, семето што сакам сите на светот да го имаат, Словото Божјо, беше посадено во моето срце.

Повеќето луѓе знаат дека сум вклучен во многу аспекти на Божјата работа и знам колку ги ценам сите агенции и цркви што се дел од големата глобална сила на Бог. Она што сега го споделувам со вас доаѓа од моето срце, со многу размислувања од животот за време на службата.

На моето последно патување во Индија, разговарав со многу луѓе, извршив истражување и сфатив дека и покрај сите видови фантастична служба, вклучувајќи и масовна евангелизација, радио, ТВ, филмски емисии, литература и друго, сè уште има стотици милиони кои НИКОГАШ НЕ ГО СЛУШНАЛЕ ИЛИ НЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ ЕВАНГЕЛИЕТО (вклучувајќи и гледање филм за Евангелието). Исто така, многу групи се придвижија кон холистичка служба, како училиштата што ги имаме меѓу Далитите, што вклучува огромна количина на време и пари. Се прави огромна евангелизација и започнување цркви, рамо до рамо, и му благодариме на Господ за резултатите.

Далитите наскоро може да бидат најдосегнатата мегагрупа во Индија, но всушност, со население од 250 милиони, до колкав процент од нив достигнува барем нешто од пораката, знаејќи дека многумина не знаат да читаат? Ни беше кажано дека има околу 300 милиони „други задни касти“, можеби и повеќе, и се прашувам колкумина сè уште немале ниту една шанса да слушнат или да знаат за спасението на Христос? Ова е од некој кој верува дека една шанса да се слушне за Исус не е доволна.

Постојат над 170 милиони муслимани во Индија. Можеби ако сме оптимисти, многу милиони присуствувале на проекции на филмувани евангелија, имале Нов завет или евангелие или можеби слушнале или виделе евангелско радио или ТВ програма. Што ако беа и 70 милиона? Тогаш, остануваат уште 100 милиона! Дали ја сфативте мојата поента? Немам

ажурирани информации за Кина, но со целиот раст, никој не би се сомневал дека стотици милиони никогаш не ја слушнале добрата вест.

Неодамна забележав огромни чекори напред за превод на Библијата или делови од неа на секој јазик. Некои од овие јазици ги зборуваат многу мал број луѓе; добро – верувам во тоа. Убаво е да се прочита дека сега се даваат или се ветуваат многу дополнителни милиони долари. Ова ми го отежнува разбирањето како има стотици милиони (некои би рекле милијарда) насекаде околу нас, чии јазици веќе ги преведовме (Новиот Завет, трактати, ДВД-ија, брошури, ЦД-а и сл.), А сепак, како да не сме им дале ништо. **НЕ МОЖАМ ДА ГО РАЗБЕРАМ ТОА.** Можеби некои од вас кои го прочитале ова можат да ми помогнат?

Тврдењето од една група или мрежа дека наскоро ќе доведеме уште една милијарда луѓе кај Исус е верувам, во заблуда, но во одредени делови на светот има огромен раст на црквата, кој знае? Вистина е дека ние ќе имаме мал ефект врз стотиците милиони кои се поотпорни на Евангелието или живеат далеку од областите каде што се одвива овој одговор. На пример, дали преобратените Далити во Индија ќе ги достигнат Браманите?

Ве молам молете се повеќе за досегнување на овие недосегнати стотици милиони со пораката за спасение. Дали би се молеле за ослободување средства за ваков вид служби? Финансиските постигнувања ќе ни овозможат да им дадеме повеќе евангелизаторски алатки на илјадници работници на кои им се потребни. Идеално, парите не треба да бидат главниот фокус, но кога се главната работа, а во мојата служба тоа е често, тогаш ајде да ги најдеме! Тоа нема да биде една агенција или црква што прави ова да се случи, туку масовно „грасрутс“ движење (веќе се случува), во коешто луѓето дури и во рамките на други служби сакаат да досегнат милиони околу нив. Треба да се потрудиме да го научиме секој верник во секоја нова црква

дека треба да ги досегне сите изгубени околу себе – ова ќе биде џиновски чекор напред.

Ќе одвојам повеќе време за ова во мојата служба, и ако некој знае некого, каде било, што живее за ваков вид работи, би сакал да разговарам со него лично. Благодарен сум што го прочитавте до тука и би сакал да слушам од вас.

Пред неколку години решив да направам список на оние служби што го дадоа Евангелието на најмалку 100 милиони луѓе. Јас го нареков „Клуб сто милиони“. Може да ви го испратам списокот ако сакате, содржи педесет агенции и служби. Се разбира, многу луѓе во одредени земји и јазични групи многупати го слушаат и читаат Евангелието. Некои имаат куп евангелија, трактати или брошури што ги добиле. Но, стотици милиони сè уште немаат ништо.

Имаме многу за радување, но имаме и многу за правење.

## ГЛАВА 15

# ШТО ПОНАТАМУ?

Сега сум во еден прекрасен дом на мои драги пријатели во околината на Белфаст, Северна Ирска, еден од моите омилени градови. Сум бил овде стопати, сметајќи ги посетите и на другите делови на Ирска, и неверојатно е да се види сето она што Бог го прави во она што, според мене, беше еден од најголемите и најстрашните хаоси во цела Европа.

Сите овие години слушав критики кон црквите за тоа што не правеле повеќе за тоа. Колку е лесно да се обвини црквата! Ако црквата беше толку лоша, тогаш зошто Живиот Бог ја користеше црквата овде и спасуваше толку многу луѓе среде сето ова? Тоа е едно од првите места во светот што ми даде широко отворена врата да зборувам на еден од нивните најголеми и најважни мисиски настани. Таа стана најпроактивниот дел на Велика Британија, не само за ОМ, туку и за десетици други мисиски групи. Како може Бог некогаш да употреби некого или некоја црква што на пример има такви предрасуди против католичкото население? Оваа тажна поделба во земјата постои до ден-денес и сметам дека е голема борба... но, Живиот Бог се чини дека може да се справи со тоа. Семоќниот Бог може да биде натажен од луѓето и да ги благословува во исто време. Да, ова е она што го нарекувам месиологија.

Ова е мојата последна глава, и моето срце и ум се преполни со она што сакам да го споделам. Сакам да споделам само малку за некои следни теми за коишто ве молам да размислите. Можеби се

прашувате зошто во оваа книга нема повеќе за мисии и особено за недосегнати народи, но не сакав да го повторам тоа што го напишав во моите други книги. Го градам она што го споделив во тие книги, надевајќи се дека сепак ќе бидат релевантни за оние кои не ги прочитале. Повеќе од десет години е достапна официјалната историја на ОМ, наречена *Духовна револуција* од Иан Рандал, што изразува многу од она што го верувам и за тоа како Бог работеше во мојот живот и во ОМ. Би ги повикал луѓето внимателно да ја прочитаат оваа книга, бидејќи има многу што можеме да научиме за тоа како Бог ги користи сите видови луѓе на многу неверојатни начини. Има голем број книги за службата на бродовите, вклучувајќи уникатни книги како *Псалмите од морето* на Деби Мероф (2012).

Сакам да упатам последна молба до вас, да размислувате да станете полновремени мисионери. Некои не го сакаат зборот мисионер, па што е со „амбасадор на Христос меѓу народите, со полно работно време“? Оваа одлука со Дрена ја донесовме пред да се сретнеме и сега гледаме наназад на педесет и петгодишната работа и служба. Дури и во осмата деценија, Дрена е полновремен мисионер, која работи многу секој ден зад сцената. Имавме многу измени, но не веруваме во пензија во нашата служба за Царот. Веќе имам стратегија за тоа како можам да останам во кревет со мојот „паметен“ телефон и лаптоп, и да сработам добар дел од мојата работа.

Колку е жално што многу цркви сега ги отфрлија Дела 13 и веќе не испраќаат долгорочни мисионери од нивната црква. Ова вклучува добри цркви што јас многу ги ценам. Многу сум свесен за некои од негативните приказни што кружат за мисионерите (некои од нив се вистинити), коишто придонесуваат дури и добро познатите христијански водачи да ги развиваат своите лажни идеи. Една од најзастрашувачките книги, напишана од човек кој го сакам, кој бил користен од Бог, кој поттикнува да престанеме да испраќаме мисионери во други култури, особено

не американски мисионери. Претпоставувам тоа значи дека со Дрена никогаш не требаше да одиме во Индија? Дали луѓето имаат идеја за тоа колку милиони дојдоа кај Христос и сѐ уште доаѓаат затоа што ние испративме мисионери? На некои од овие места не им требаат повеќе, но има и други земји, барем четириесет, на коишто им требаат долгорочни мисионери кои ќе го научат јазикот. Верувам и во изработувачите на шатори, кои имаат работа, но често, според мое набљудување, нивната работа е сеопфатна (особено ако имаат семејство), и така останува малку време за споделување на Евангелието и садење цркви. Се радуваме на секој исклучок.

ОМ се смета дека е една од големите организации што ги родија краткорочните мисии, но тоа не беше мое првобитно размислување. Ние, од првиот ден, баравме луѓе кои ќе служат доживотно.

Веднаш, уште во Мексико, и многу повеќе низ Европа, видовме колку прекрасно Бог може да користи краткорочни мисии коишто станаа глобален феномен, доведувајќи стотици илјади во Царството. Да, имаше многу грешки по патот и навистина е многу хаотично.

Во сето ова научивме дека често потешко се наоѓаа финансии отколку луѓе. Видовме одлични одговори на молитва за средства, и ОМ се сметаше за дел од Движењето за мисија во верата, коешто беше започнато од луѓе како Хадсон Тејлор, Ц. Т. Стад и многу други. Џорџ Милер, кој не бараше пари однадвор, целата своја работа, претежно меѓу сирачиња, ја правеше со вера и молитва. Тој се смета за еден од основачите на Братското движење (едно од најголемите и најхаотичните движења во историјата), коешто дури и во неговиот живот, стана мошне неуредно, бидејќи отпадна со еден од другите основачи, Ј. Н. Дарби.

Моето проучување покажува дека Џорџ Милер беше всушност, во културата на своето време, фантастичен собирач

на финансиски средства и решив да го следам неговиот пример. Молитвата и изнаоѓањето финансии за ОМ и другите служби, беше едно од највозбудливите и мотивирачки делови во мојот живот. Можев да напишам книга за тоа, но сè уште се молам за уште подобри работи. Новиот Завет јасно покажува дека заедно со молитвата ни треба највисоко ниво на комуникација, отвореност, чесност и интегритет. Веќе споменавме неколку книги на оваа тема, но последната книга што ќе ми помогне е наречена *Патрони на Евангелието* (2014) од Џон Ринехарт. Тој ја споделува својата перспектива за тоа како деловните луѓе кои имаат дар и можност да заработат пари, често биле мошне важен дел од она што го прави Бог преку други помазани и надарени луѓе.

Ако пораката за мистерија, милост, месиологија (и благодат) не излезе во оваа книга, тогаш јас не успеав. Некои од вас кои го читаат ова, сè уште не го примиле дарот Божји на спасение, верувајќи дека Господ Исус умрел за вашите гревови. Треба да го сторите тоа сега.

Други кои го искусија ова наново раѓање и благодат не си простија себеси. Ова носи постојана дисфункција и сложеност во нивните животи и во службата. Сигурно видовме дека Бог не само што работи во неуредни ситуации коишто сигурно го жалостат, туку Тој може да работи и со неуредни луѓе. САКА ДА ВЕ УПОТРЕБИ, без разлика колку борби и неуспеси сте имале во животот. Можеби, заради гревот и глупоста, куцате, но главната работа е дека сè уште одите. Тој можеби ќе сака дури и да шетате во некој друг дел од светот каде никогаш не очекувавте да одите. Дали барем би се молеле за тоа?

Други луѓе кои го читаат ова навистина не им простиле на другите, особено на оние кои ги повределе, ги разочарале, па дури и ги изневериле. Можеби им простија во главата, но не и во реалноста. Можеби станува збор за тековна борба, но тој чекор треба да се преземе.

Ако Бог ви зборуваше преку она што го споделив, би сакал да разгледате некои други практични чекори за да ја пренесете оваа порака од главата до срцето и нозете:

1. Направете одлука да бидете попозитивна и пооптимистичка личност, и да започнете да практикувате споделување некои од прекрасните начини на коишто работи Бог, и локално и низ целиот свет.

2. Вклучете се во најмалку една молитвена група, која се фокусира на земјите и на недосегнатите народи. Се надевам дека сте вклучени во молитвените средби во вашата локална црква, но, се надевам дека ќе бидете вклучени барем во уште една друга. Или можеби треба вие да започнете една?!

3. Вклучете се во дистрибуција на книги и ДВД (или споделување интернет-страници), коишто ви помогнаа. Споделувајте делови од Светото Писмо и христијански ДВД со оние кои ги познавате или запознавате, кои не го познаваат Господ.

4. Одете на краткорочна мисија најбргу што може. Обидете се да им дадете предност на служби каде ќе ја споделувате вашата вера и ќе бидете вклучени во работа со луѓе. Обидете се да работите меѓу сиромашните и да живеете скудно.

5. Почнете да излегувате надвор од вашиот пат за да запознаете луѓе од други култури близу вас. Започнете да учите барем еден друг јазик. Ако веќе сте учеле јазик (започнав со шпански дури во средно училиште), тогаш донесете одлука да научите да го зборувате течно; Што е можно поскоро, бидете меѓу луѓето кои го зборуваат овој јазик. Изберете намерно пат што изгледа потежок.

6. Научете и практикувајте да го користите вашето време попродуктивно. Помалку гледање и повеќе активности треба да бидат вашето мото. Пазете се од телевизиска стапица, стапицата на игри и стапицата на бескрајни разговори. Се разбира, има простор за сите овие работи и многу повеќе (да, дури и забавни работи), но треба да земе само мал дел од нашето време. Се разбира, ако имате деца и внуци, тогаш тоа време треба да се зголеми. Исто така со пријатели кои не се верници, мора да избегнеме да бидеме невротични, екстремни и стегнати. Запомнете го Павле во 1. Коринќаните 9:22: „На слабите им бев слаб, за да ги придобијам слабите; на сите им станав сѐ, та по секаков начин да спасам некои".

7. Размислете да одите на библиски колеџ. Ова може да се направи дури со учење од далечина или вонредно. Имаме повеќе од педесет и тригодишна врска со заедништвото Капернареј, кои имаат краткорочни библиски училишта во различни делови на светот. На еден или друг начин ви треба повеќе време во Словото Божјо. Особено, ги повикувам луѓето да запамтуваат стихови, што помогна да се трансформира мојот живот уште пред моето преобраќање. За да ја добијам извидничката наградата „за Бог и за земјата", морав да запаметам стихови. Тоа беше 8 глава од Римјаните. Пред некој ден видов фотографија како ми ја даваат наградата.

8. Одлучете и практикувајте да бидете поблагодарни секој ден. Дали некој ви дал нешто во последно време? Дури и книга, чаша чај или превоз до станица? Дали сте му заблагодариле? Имам пријател кој се чини дека премногу им се заблагодарува на луѓето. Мислам дека можеби е единствениот? Давам многу книги. Повеќето луѓе никогаш не ми се заблагодаруваат, освен ако се разбира, јас лично

не им ја дадам и тогаш генерално ја има таа автоматска лична благодарност, но подоцна да се добие каков било вид благодарно писмо или мала картичка би било изненадување. Му благодарам на Исус што ми прости за времињата кога не сум бил благодарен или не сум им се заблагодарувал на луѓето како што треба со љубов.

9. Работете понапорно за да спиете подобро, да јадете вистинска храна и доволно да вежбате. Ова беше моја животна практика и навистина го препорачувам. Еден од најмоќните стихови во Новиот Завет за мене е 1 Коринќаните 9:24-27:

   *Не знаете ли дека во тркалиштето трчаат сите тркачи, но само еден добива награда! Трчајте така и вие, за да ја добиете! Секој натпреварувач се воздржува од сè; тие, за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив. Затоа јас трчам така, не како кон неизвесно; и се борам така, не како оној кој го бие ветерот; туку го совладувам своето тело и го правам свој роб, та јас кој им проповедав на другите, да не бидам самиот непожелен.*

10. Донесете одлука да одржувате контакт со повеќе луѓе, молејќи се каде што можете. Користете разновидни методи, но запомнете лице в лице со кафе или чај е најдобро. Да се оди заедно во љубов, служење и досегнување други, може да биде уште подобро. Сакам е-пошта и Фејсбук, но квотата за телефонирање ми се намали и сфатив дека има нешто посебно во слушањето на гласот на една личност. Фалете го Господ за Скајп и други слични начини на разговор. Ова мора да се измеша со прошка, затоа што луѓето може

да ве изневерат или да почувствувате одредено отфрлање во сето тоа. Голема грешка е да не успеете да преземете иницијатива. Јас сум во контакт со многу луѓе на кои им требаат пари и имам фонд само за такви луѓе (наречени Специјални проекти), но претпоставувам зошто многумина никогаш не добиваат пари? НИКОГАШ не бараат. Патем, има фантастични книги за тоа како да соберам средства и јас сум бил благословен од нив, особено *Финансирање на семеен бизнис* (2006) од Мајлс Вилсон и *Подигање пријатели* (2012) од Бети Барнет.

11. Обидете се да добиете некакво менторство и одговорност дури и ако се чини несовршено и повремено. Ако сте во брак, погрижете се да имате доволно време со сопругата и семејството. Не очекувајте дека тоа ќе биде лесно. Целиот живот со Дрена се боревме повеќе да се молиме заедно. И запомнете, ако имате сериозни борби со похота или порнографија, навистина треба да добиете помош.

Ако завршивте со читање на мојата книга, тогаш би сакал да добијам е-пошта од вас, да ми кажете што направил Бог во вашиот живот. Би ми било од помош да знам дали сте прочитале некоја од моите книги: *Револуцијата на љубовта, Литературна евангелизација, Глад за реалност* (првично *Дојди! Живеј! Умри!), Нема враќање* (2008, на македонски 2010) и *Чешма што капе*. Тешко е да се поверува дека вкупната дистрибуција помина над 1.000.000 примероци на педесет јазици. Слава на Господ!

За мене, завршувањето на оваа книга е долг маратон, но ја гледам завршената лента пред мене и благодарен сум за сета ПОМОШ од горе, по патот. Благодарен сум на сите прекрасни Божји луѓе кои влијаат врз мојот живот овие седумдесет и седум години, и јас само се смирувам пред Господа во благодарноста и обожавањето.

# ПРЕПОРАЧАНА ЛИТЕРАТУРА

## Достапно на македонски

Alexander Strauch, *Leading with Love* (Lewis and Roth, 2006) – Александар Страух, *Водство со љубов* (Изгрев, 2015)

Billy Graham, *Peace with God* (Thomas Nelson, 2000) – Били Греам, *Мир со Бог* (Љубители на христијанското евангелие, 2006)

J. Oswald Sanders, *Spiritual Leadership* (Moody, 2007) – Освалд Сандерс, *Духовно водство* (Изгрев, 2011)

George Verwer *No Turning Back* (Paternoster, 2008) – Џорџ Вервер, *Нема враќање* (Библиска лига, 2010)

George Verwer *Drops from a Leaking Tap* (Authentic Media, 2011) – Џорџ Вервер, *Чешма што капе* (Изгрев, 2013)

Randy Alcorn, *Why Pro-Life?: Caring for the Unborn and Their Mothers* (Hendrickson, 2012) – Ренди Алкорн, *Зошто право на живот?: грижа за неродените деца и нивните мајки* (Изгрев, 2013)

Roy Hession, *The Calvary Road* (CLC, 1980) – Рој Хешон, *Патот кон Голгота* (Изгрев (2008)

## Достапно на англиски

Alexander Strauch, *If You Bite and Devour One Another* (Lewis and Roth, 2011)

Andrew Murray, *Humility* (CreateSpace, 2012)

Betty Barnett, *Friend Raising* (YWAM, 2012)

Billy Graham, *Freedom From The Seven Deadly Sins* (Zondervan, 1963)

Billy Graham, *The Secret of Happiness* (Thomas Nelson, 2002)

Brennan Manning, *The Ragamuffin Gospel* (Multnomah, 2005)

Charles Swindoll, *The Grace Awakening* (Thomas Nelson, 2006)

Chris Wright (ed.), *John Stott: A Portrait by His Friends* (IVP, 2011)

Chua Wee Hian, *Learning to Lead* (Authentic India, 2010)

David Platt, *Radical* (Random House, 2010)

Debbie Meroff, *Psalms from the Sea* (Amazon, 2012)

Elaine Rhoton, *The Doulos Story* (BookRix, 2014)

Elaine Rhoton, *The Logos Story* (Paternoster, 1992)

Elisabeth Elliot, *Through Gates of Splendour* (Authentic Media, 2005)

Gary Witherall, *Total Abandon* (Tyndale House, 2005)

Gordon MacDonald, *Ordering Your Private World* (Thomas Nelson, 2012)

Gordon MacDonald, *Rebuilding Your Broken World* (Thomas Nelson, 2004)

Hanna Zack Miley, *A Garland from Ashes* (Outskirts, 2013)

Hoise Birks, *A New Man* (H B Publishing, 2012)

Ian Randall, *Spiritual Revolution* (Authentic Media, 2008)

J. David Lundy, *Servant Leadership for Slow Learners* (Paternoster, 2002)

John Rinehart, *Gospel Patrons* (Reclaimed Publishing, 2014)

John Stott, *Basic Christianity* (IVP, 2012)

Joseph D'Souza, *Dalit Freedom: Now and Forever* (Dalit Freedom Network, 2005)

Myles Wilson, *Funding the Family Business* (Stewardship, 2006)

*Noah* (film), directed by Darren Aronofsky (2014)

Norman Vincent Peale, *The Tough Minded Optimist* (Touchstone, 2003)

Oswald Smith, *The Passion for Souls* (Welch, 1986)

Patrick Dixon, *AIDS Action* (Bookprint Creative, 2010)

Peter Greig, *God on Mute* (Regal, 2007)

Peter Haas, *Pharisectomy: How to Joyfully Remove Your Inner Pharisee and Other Religiously Transmitted Diseases* (Influence Resources, 2012)

Philip Yancey, *Disappointment with God* (Zondervan, 2009)

Philip Yancey, *What's So Amazing About Grace?* (Zondervan, 2002)

*Quo Vadis* (film), directed by Mervyn LeRoy (1951)

R.T. Kendall, *Holy Fire* (Charisma House, 2014)

R.T. Kendall, *Total Forgiveness* (Hodder & Stoughton, 2010)

Randy Alcorn, *The Grace and Truth Paradox* (Multnomah, 2003)

Rodney Hui and George Simpson, *Logos HOPE* (BookRix, 2014)

Ron Dunn, *When Heaven is Silent* (Paternoster, 1994)

Theodore Epp, *Love is the Answer* (Back to the Bible, 1960)

Tom Hovestol, *Extreme Righteousness* (Moody, 1997)

Viv Thomas, *Second Choice* (Paternoster, 2000)

William MacDonald, *True Discipleship* (Gospel Folio, 2003)

# ДРУГИ КНИГИ ОД ЏОРЏ ВЕРВЕР

Како што се спомнати:

*Hunger for Reality* (Authentic Lifestyle, 1996) – originally entitled *Come! Live! Die!*

*Out of the Comfort Zone* (Bethany House, 2000)

„Grace Awakened Leadership“ – a booklet which combines the chapters on „Grace“ and „Leadership“ from *Out of the Comfort Zone* (Bethany House, 2000)

*The Revolution of Love* (Authentic Media, 2008)

*Book by Book: Proverbs* DVD (Biblical Frameworks, 2015)

*Book by Book: Proverbs* Study Guide, written by Paul Blackham (Biblical Frameworks, 2015)

*George – for real* DVD (CWR, 2015)

*Literature Evangelism* (Authentic Lifestyle, republished in 2003) – Првата книга на Џорџ

## Џорџ – Вистинскиот (DVD)

Следете го Џорџ Вервер на неговите патувања во Индија, Мексико, Хонг Конг, Велика Британија и неговиот роден град Њуџерси и откријте дека благодатта на Бог нема ограничувања. Овој документарен филм ја доловува енергијата, ентузијазмот,

визијата и човечноста во животот и мисијата на еден човек. Приказната на основачот на Операција Мобилизација, инспирира, предизвикува и ги охрабрува оние што се прашуваат дали Бог некогаш може да ги искористи за Неговата слава.

DVD – 55 минути достапно на англиски
EAN: 5027957-001602

# СОДРЖИНА


Предговор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

**Глава 1:** Месиологија . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

**Глава 2:** Противпожарни апарати, книги и поговорки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

**Глава 3:** Единство среде разновидност . . . . . . . . . . . 30

**Глава 4:** Парадокс, сложеност, мистерија и месиологија . . . . . . . . . . . . 35

**Глава 5:** Црквата, мисиите и Холивуд . . . . . . . . . . 44

**Глава 6:** Мораме ли да бидеме толку догматични? . . . . . . . . . . . . . . . . 49

**Глава 7:** Романса, брак, пари и многу милост . . . . . . 53

**Глава 8:** Грешките имаат цена . . . . . . . . . . . . . . 63

**Глава 9:** Водачите кои ги користи Бог . . . . . . . . . . . 71

**Глава 10:** Славење, одење и чудење . . . . . . . . . . . 76

**Глава 11:** Ако не сакате да се повредите, не играјте рагби . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 83

**Глава 12:** Плачковци, мрчатори, блокатори и негативни мислители . . . . . . . . . . . . . . . . 87

**Глава 13:** Објавувањето на Евангелието со социјална грижа и акција . . . . . . . . . . . . . . . 93

**Глава 14:** Товарот и визијата што никогаш не се променија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 100

**Глава 15:** Што понатаму? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 105